# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
**на Македонската берза АД Скопје за 2009 година**

**Скопје, Февруари 2010 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје во 2009 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеле на работењето на Берзата во 2009 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, преземените активности за промоција на Берзата и едукација на пошироката јавност, нормативните активности, меѓународна соработка, инвестиционите активности, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2009 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2009 година работењето на Македонската берза го детерминираа повеќе фактори кои имаа влијание врз тргувањето и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво. Сепак, најголемо, а воедно и најнегативно влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија имаа факторите и околностите поврзани со ефектите од светската економска и финансиска криза.

При анализата на 2009 година особено треба да се апострофира влијанието на следните главни фактори и околности кои го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза:

- Светската економска криза во 2009 година предизвика силен пад на на БДП на развиените економии од 3,4% и пад на стапката на раст на светското производство од 1,1%. Кризата, која започна како финансиска, за да потоа прерасне во економска криза, и чија генеза потекна од развиените пазари на капитал достигна глобални размери и исклучително негативно се одрази на светските пазари на капитал, а соодветно се пренесе во регионот, односно на македонскиот пазар на хартии од вредност. Ова дотолку повеќе што во изминатите неколку години на македонскиот пазар на хартии од вредност беше забележан прилив на странски институционални инвеститори, кои во услови на соочување со ефектите на глобалната криза во своите матични земји, во борбата за одржување на ликвидноста, беа принудени да се воздржат или да го забават инвестирањето на македонскиот пазар, што значајно се рефлектираше врз ликвидноста на тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза АД Скопје.

- Поради последиците од економската криза и покрај фактот што светската финансиската криза не го зафати банкарскиот сектор во Република Македонија, НБРМ спроведуваше рестриктивната монетарна политика заради заштита на девизниот курс на денарот што предизвикаа пораст на каматните стапки на благајничките записи, како и ограничување на паричните средства на банките расположливи за кредитирање на стопанството и населениото. Во вакви услови банките ги зголемија активните и пасивните каматни стапки, државата за потребите од финансирање на буџетот ги зголеми емисиите на трезорските записи

и нивните каматни стапки. Сето ова резултираше во апсорбирање на значајна маса од слободните парични средства расположиви за инвестирање на пазарот кај банкарскиот сектор, централната банка и државата. Ова претставуваше дополнителен удар за ликвидноста на берзанското тргување.

- Намалувањето на побарувачката во 2009 година предизвика мошне силен пад на обемот на светската трговија од 11,9%, што во отворена економија како македонската повлече значителен пад на активностите на домашните компании, особено на извозно ориентираните фирми. Намалената потрошувачка во светот, како резултат на кризата, имаше и ќе има свој одраз врз работењето и врз проекциите за идниот раст и развој на компаниите. Оттука, во текот на целата 2009 година на Берзата беше евидентна воздржаност кај инвеститорите што се одрази на остварениот обем на тргување.

- Во 2009 година Република Македонија не се здоби со членство во евроатлантските организации, што имаше импликации врз очекувањата на инвеститорите на Берзата и на нивните деловни и инвестициони одлуки.

- Од друга страна, продолжи трендот на зголемување на транспарентноста во работењето на компаниите котирани на Берзата, како во делот на објавување на информации за финансиското работење, така и во делот на објавување на други ценовно чувствителни информации;

- Функционирање на приватните пензиски фондови и пазарната консолидација на инвестиционите фондови во Република Македонија;

- Поволен даночен амбинет;

- Ниска инфлација;

- Стабилен девизен курс;

- Стабилно политичко-безбедносно окружување;

- Функционална институционална пазарна инфраструктура.

- Дополнително усогласување на легислативата во земјата и на пазарниот амбиент во функција на процесите на европска интеграција.

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### *3.1. Основни карактеристики*

Основни карактеристики на тргувањето во 2009 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2009 година изнесуваше 6.732.333.490 денари (околу 109,83 милиони евра), што е за 45,61 % помалку во споредба со 2008 година;
- Остварениот промет на "класичното" тргување во 2009 година изнесуваше 4.098.905.714 денари[1] (околу 66,89 милиони евра), што е за 49,58% помалку во споредба со 2008 година;
- Прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) во 2009 година изнесуваше 2.794.489.319 денари (околу 45,61 милиони евра), што е за 58,14% помалку во споредба со 2008 година;
- Во 2009 година е остварен промет со обврзници од 1.304.416.395 денари (околу 21,28 милиони евра), што е за 10,32% помалку во споредба со 2008 година;
- Во 2009 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од 23.927.852 денари (околу 391,10 илјади евра), што е за 75,00 % помалку во споредба со 2008 година;
- Во 2009 година на Берзата се пријавени 28 блок трансакции во вкупна вредност од 2.609.499.924 денари (околу 42,54 милиони евра), што е за 37,18% помалку во споредба со 2008 година.
- Во структурата на прометот доминираат трансакциите склучени на Официјалниот пазар со 49,28% учество во вкупниот промет на Берзата во 2009 година;
- На крајот на 2009 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на 36 друштва;
- Пазарната капитализација на котираните акции достигна 38,88 милијарди денари (околу 637,76 милиони евра) и бележи пораст од 10,30%, додека пазарната капитализација на обврзниците достигна 14,88 милијарди денари (243,33 милиони евра) што претставува опаѓање за 18,28% во споредба со 2008 година.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2009 и 2008 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2009 година и Јануари-Декември 2008 година, како и структурата на прометот остварен во 2009 година.

[1]При пресметување на "класичното тргување" на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и пријавените блок трансакции.

| | Јануари-Декември 2008 | Јануари-Декември 2009 | % ПРОМЕНА |
|---|---|---|---|
| **ПРОМЕТ (денари)** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **8.129.581.407** | **4.098.905.714** | **▼49,58** |
| АКЦИИ | 6.675.087.769 | 2.794.489.319 | ▼58,14 |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.454.493.638 | 1.304.416.395 | ▼10,32 |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | **32.780.570** | **16.798.794** | **▼48,75** |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | **175** | **141** | **▼19,26** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **4.153.651.424** | **2.609.499.924** | **▼37,18** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **95.729.496** | **23.927.852** | **▼75,00** |
| **ВКУПНО** | **12.378.962.326** | **6.732.333.490** | **▼45,61** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **43.265** | **34.396** | **▼20,50** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **52** | **28** | **▼46,15** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **36** | **13** | **▼63,89** |
| **ВКУПНО** | **43.353** | **34.437** | **▼20,57** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ( денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **106.290.316.076** | **122.080.076.689** | **▲14,86** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 35.254.828.180 | 38.885.764.303 | ▲10,30 |
| ПАЗАР НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ | 71.035.487.895 | 83.194.312.386 | ▲17,12 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **18.212.904.677** | **14.883.330.348** | **▼18,28** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **124.503.220.753** | **136.963.407.038** | **▲10,01** |
| **МБИ-10** | **2.096,16** | **2.751,88** | **▲31,28** |
| **МБИД** | **2.213,89** | **3.035,98** | **▲37,13** |
| **ОМБ** | **107,60** | **110,06** | **▲2,29** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **38** | **36** | **▼5,26** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **248** | **244** | **▼1,61** |

**Структура на прометот во периодот Јануари- Декември 2009 год.**

| Пазарен сегмент | Промет во денари | Промет во ЕВРА | % | Број на транс. |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | 3.317.994.027 | 54.150.221 | 49,28 | 26.095 |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | 780.911.687 | 12.745.264 | 11,60 | 8.301 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 2.609.499.924 | 42.540.062 | 38,76 | 28 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 23.927.852 | 391.131 | 0,36 | 13 |
| **ВКУПНО** | **6.732.333.490** | **109.826.679** | **100,00** | **34.437** |




## *3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци*

Во текот на 2009 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од 4.098.905.714 денари (околу 66,89 милиони евра).
За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2009 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2009 година.

**Промет од “класичното” тргување по месеци во 2009 година**



| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | Обврзници | | | | |
| Јануари | 79.471.626 | 111.104.618 | 30.232.276 | 0 | **220.808.520** | **3.595.751** | **1.194** | 18 |
| Февруари | 113.779.606 | 100.213.962 | 34.887.500 | 0 | **248.881.068** | **4.052.799** | **1.879** | 20 |
| Март | 197.946.273 | 56.692.488 | 65.342.136 | 0 | **319.980.897** | **5.210.339** | **2.803** | 22 |
| **Вкуп. I квартал** | **391.197.505** | **268.011.068** | **130.461.912** | **0** | **789.670.485** | **12.858.889** | **5.876** | **60** |
| Април | 127.733.961 | 131.972.824 | 74.221.363 | 0 | **333.928.148** | **5.440.845** | **2.899** | 20 |
| Мај | 209.645.291 | 140.430.966 | 64.947.103 | 22.291.394 | **437.314.755** | **7.122.200** | **3.073** | 19 |
| Јуни | 205.378.234 | 182.206.064 | 75.272.308 | 0 | **462.856.606** | **7.551.234** | **3.422** | 21 |
| **Вкуп. II квартал** | **542.757.486** | **454.609.854** | **214.440.774** | **22.291.394** | **1.234.099.509** | **20.114.279** | **9.394** | **60** |
| Јули | 105.212.185 | 94.636.771 | 46.953.536 | 0 | **246.802.492** | **4.033.282** | **1.968** | 23 |
| Август | 81.971.974 | 69.962.486 | 54.351.483 | 0 | **206.285.943** | **3.372.335** | **1.857** | 19 |
| Септември | 186.802.433 | 100.256.140 | 69.096.398 | 0 | **356.154.971** | **5.822.780** | **3.275** | 20 |
| **Вкуп. III квартал** | **373.986.592** | **264.855.397** | **170.401.417** | **0** | **809.243.406** | **13.228.397** | **7.100** | **62** |
| Октомври | 404.903.690 | 138.634.048 | 130.854.563 | 1.800.000 | **676.192.301** | **11.054.342** | **6.239** | 20 |
| Ноември | 183.276.511 | 116.681.885 | 55.054.727 | 0 | **355.013.123** | **5.803.665** | **3.261** | 21 |
| Декември | 141.547.242 | 37.532.747 | 55.606.900 | 0 | **234.686.889** | **3.835.914** | **2.526** | 21 |
| **Вкуп. IV квартал** | **729.727.443** | **292.848.680** | **241.516.190** | **1.800.000** | **1.265.892.313** | **20.693.921** | **12.026** | **62** |
| **ВКУПНО** | **2.037.669.026** | **1.280.324.999** | **756.820.293** | **24.091.394** | **4.098.905.714** | **66.895.486** | **34.396** | **244** |

## *3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти*

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2009 година (3.317 милиони денари) е остварен преку 26.095 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 80,95%. Од тоа, 2.037 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (61,41%) при што се склучени 21.126 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 1.280 милиони денари (38,59%) и истиот е остварен преку 4.969 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (780 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2009 година со 19,05% и 8.301 трансакција. Од тоа, 583 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на пазарот на јавно поседувани друштва (74,73%) и овој промет е остварен преку 7.831 трансакција, додека на слободниот пазар се остварени 197 милиони денари (25,27%) преку 470 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2009 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2009 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **2.037.669.026** | **33.257.377** | **61,41** | **21.126** |
| обични | 2.027.571.772 | 33.092.293 | 99,50 | 21.120 |
| приоритетни | 10.097.254 | 165.084 | 0,50 | 6 |
| ***Обврзници*** | 1.280.325.001 | 20.892.845 | **38,59** | 4.969 |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **3.317.994.027** | **54.150.221** | **80,95** | **26.095** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **756.820.293** | **12.352.838** | **96,91** | **8.297** |
| ***Пазар на јавно поседувани друштва*** | **583.554.954** | **9.525.071** | **74,73** | **7.831** |
| обични | 581.642.115 | 9.493.855 | 99,67 | 7.765 |
| приоритетни | 1.912.839 | 31.216 | 0,33 | 66 |
| ***Слободен пазар*** | **197.356.733** | **3.220.193** | **25,27** | **470** |
| обични | 173.265.339 | 2.827.767 | 87,79 | 466 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | 24.091.394 | 392.426 | **12,21** | **4** |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **780.911.687** | **12.745.264** | **19,05** | **8.301** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **4.098.905.714** | **66.895.486** | **100,00** | **34.396** |







## *3.4. Блок трансакции*

Во текот на 2009 година на Берзата беа пријавени 28 блок трансакции во вкупна вредност од 2.609.499.923,59 денари (околу 42 милиони ЕВРА), при што беа истргувани вкупно 8.592.107 акции. Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаше продажбата на 4.143.357 акции на Мермерен комбинат АД Прилеп, во вредност од 1.172.860.066 денари, реализиран преку 1 блок трансакција.

Вредноста на блок трансакциите во 2009 година е за 37,18 % помала од вредноста на блок трансакциите остварена во 2008 година. Бројот на пријавени блок трансакции во 2009 е за 46,15% помал во споредба со 2008 година, кога беа пријавени вкупно 52 блокови.

На Официјалниот пазар на Берзата се реализирани 11 блок трансакции во вкупна вредност од 622,89 милиони денари (10,17 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 17 блок трансакции во вкупна вредност од 1,98 милијарди денари (32,37 милиони ЕВРА).

Во продолжение го презентираме прегледот на пријавените блок трансакции по месеци во 2009 година.

| Месец | ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | РЕДОВЕН ПАЗАР | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. |
| Јануари | 0 | 0 | 0 | 129.808.000 | 2.113.909 | 2 | 129.808.000 | 2.113.909 | 2 |
| Февруари | 6.990.600 | 113.848 | 1 | 98.256.000 | 1.599.924 | 2 | 105.246.600 | 1.713.772 | 3 |
| Март | 47.213.000 | 768.779 | 1 | 0 | 0 | 0 | 47.213.000 | 768.779 | 1 |
| Април | 12.250.000 | 199.468 | 1 | 1.172.860.066 | 19.097.601 | 1 | 1.185.110.066 | 19.297.069 | 2 |
| Мај | 15.934.000 | 259.462 | 3 | 403.663.628 | 6.586.182 | 3 | 419.597.628 | 6.845.645 | 6 |
| Јуни | 11.879.400 | 193.762 | 1 | 95.916.160 | 1.563.404 | 4 | 107.795.560 | 1.757.166 | 5 |
| Јули | 411.925.623 | 6.728.210 | 3 | 0 | 0 | 0 | 411.925.623 | 6.728.210 | 3 |
| Август | 0 | 0 | 0 | 6.145.000 | 100.451 | 1 | 6.145.000 | 100.451 | 1 |
| Септември | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Октомври | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ноември | 116.697.600 | 1.907.939 | 1 | 54.879.155 | 897.243 | 2 | 171.576.755 | 2.805.183 | 3 |
| Декември | 0 | 0 | 0 | 25.081.692 | 409.877 | 2 | 25.081.692 | 409.877 | 2 |
| **ВКУПНО** | **622.890.223** | **10.171.468** | **11** | **1.986.609.701** | **32.368.591** | **17** | **2.609.499.924** | **42.540.061** | **28** |

Од вкупно 26 членки, 8 членки пријавија на Берзата блок трансакции. Нивната структура од аспект на пријавените блок трансакции може да се види од следната табела.

**Преглед на реализирани блок трансакции по членки**

| Членка | Број на блок трансакции | | | Промет во Денари | | | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | купува | продава | вкупно | купува | продава | вкупно | |
| Делта брокер АД Скопје | 2 | 1 | 3 | 1.184.970.066 | 1.172.860.066 | 2.357.830.132 | 45,18 |
| Комерцијална банка АД Скопје АД Скопје | 9 | 9 | 18 | 216.094.396 | 216.094.396 | 432.188.792 | 8,28 |
| Иново Брокер АД Скопје | 1 | 2 | 3 | 399.487.827 | 406.795.827 | 806.283.654 | 15,45 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | 4 | 4 | 8 | 477.554.128 | 482.356.128 | 959.910.256 | 18,39 |
| Стопанска банка АД Скопје | 3 | 3 | 6 | 68.976.655 | 68.976.655 | 137.953.310 | 2,64 |
| Охридска Банка АД Охрид | 2 | 2 | 4 | 16.211.160 | 16.211.160 | 32.422.320 | 0,62 |
| ТТК Банка АД Скопје | 4 | 4 | 8 | 98.821.692 | 98.821.692 | 197.643.384 | 3,79 |
| Поштел брокер АД Скопје | 3 | 3 | 6 | 147.384.000 | 147.384.000 | 294.768.000 | 5,65 |
| **ВКУПНО** | **28** | **28** | **56** | **2.609.499.924** | **2.609.499.924** | **5.218.999.848** | 100,00 |

## *3.5. Јавни берзански аукции*

Во текот на 2009 година на Берзата се одржаа вкупно 5 јавни берзански аукции на кои што се продаваа акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ.

На одржаните јавни берзански аукции во 2009 година беа склучени вкупно 13 трансакции и беше остварен промет од 23.927.852,44 денари. При тоа:

- Преку 4 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 4 акционерски друштва при што беше остварен промет од 11.122.028,00 денари;
- Преку 9 трансакции беа истргувани уделите во 9 друштва и остварен промет 12.805.824,44 денари.

## *3.6 Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет*

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а кој се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, во продолжение е презентирана табела за нивното учество во вкупниот промет по месеци во 2009 година.

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 0,31% | 0,76% | 1,63% | 2,44% | 3,68% | 3,09% | 1,32% | 4,59% | 3,05% | 3,07% | 4,27% | 12,18% |
| Купување странски правни | 41,14% | 33,17% | 6,48% | 3,50% | 17,87% | 8,02% | 10,56% | 3,12% | 3,88% | 2,68% | 9,38% | 6,41% |
| **ВКУПНО** | **41,45%** | **33,93%** | **8,11%** | **5,94%** | **21,55%** | **11,11%** | **11,88%** | **7,71%** | **6,93%** | **5,75%** | **13,65%** | **18,59%** |
| Купување домашни физички | 18,53% | 34,11% | 55,92% | 49,20% | 36,80% | 38,57% | 42,72% | 49,31% | 57,81% | 64,35% | 43,28% | 52,87% |
| Купување домашни правни | 40,02% | 31,95% | 35,98% | 44,86% | 41,65% | 50,32% | 45,40% | 42,98% | 35,26% | 29,90% | 43,07% | 28,54% |
| **ВКУПНО** | **58,55%** | **66,07%** | **91,89%** | **94,06%** | **78,45%** | **88,89%** | **88,12%** | **92,29%** | **93,07%** | **94,25%** | **86,35%** | **81,41%** |
| Продажба странски физички | 2,85% | 0,96% | 4,60% | 2,73% | 5,72% | 1,49% | 3,92% | 5,77% | 2,00% | 3,97% | 3,67% | 4,72% |
| Продажба странски правни | 68,59% | 47,08% | 36,13% | 11,88% | 23,50% | 10,03% | 14,22% | 5,69% | 10,04% | 20,95% | 13,05% | 10,27% |
| **ВКУПНО** | **71,44%** | **48,04%** | **40,74%** | **14,61%** | **29,22%** | **11,53%** | **18,14%** | **11,46%** | **12,04%** | **24,92%** | **16,72%** | **14,99%** |
| Продажба домашни физички | 17,28% | 24,03% | 35,73% | 68,52% | 51,86% | 49,16% | 44,54% | 51,93% | 56,13% | 52,61% | 59,42% | 51,19% |
| Продажба домашни правни | 11,27% | 27,93% | 23,54% | 16,87% | 18,92% | 39,31% | 37,32% | 36,61% | 31,82% | 22,47% | 23,86% | 33,82% |
| **ВКУПНО** | **28,56%** | **51,96%** | **59,26%** | **85,39%** | **70,78%** | **88,47%** | **81,86%** | **88,54%** | **87,96%** | **75,08%** | **83,28%** | **85,01%** |

Од вкупниот промет остварен на Берзата во 2009 година, 703.900.020 Денари (11.469.418 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори, додека 1.223.106.801 Денари (19.928.570 Евра) остварени се преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (вкупниот промет е без блок трансакциите склучени со следниве акции: ФЛХ Мермерен комбинат АД Прилеп од Април 2009 година, Сигма АД Скопје од Мај 2009 година, Макстил АД Скопје од Јули 2009 година и Комерцијална банка АД Скопје од Ноември 2009 година).

## *3.7. Македонски Берзански Индекс – МБИ10, Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД и Индекс на обврзници на Македонската берза ОМБ*

### *3.7.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2009 година **(30.12.2009)** = **2.751,88** индексни поени, што значи пораст од **31,28%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2008 година (**30.12.2008** година = **2.096,16** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2009 година е постигната на **15.10.2009** година (**3.922,29** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2009 година е постигната на **10.03.2009** година (**1.598,50** индексни поени).




На 15.06.2009 година и 15.12.2009 година Комисијата за берзански индекс изврши редовни ревизии на МБИ10. Согласно Методологијата за пресметување на Македонски берзански индекс МБИ10, Комисијата за берзански индекс определи дека елементи на МБИ10 се обичните акции издадени од: Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макстил АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Бетон АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола и Реплек АД Скопје.

### *3.7.2. Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД*

- вредност на МБИД на последниот ден на тргување во 2009 година (**30.12.2009**) = **3.035,98** индексни поени, што значи пораст од **37,13%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2008 година (**30.12.2008** година = **2.213,89** индексни поени),
- највисока вредност на МБИД во 2009 година е постигната на **15.10.2009** година (**3.944,13** индексни поени),
- најниска вредност на индексот МБИД во 2009 година е постигната на **12.03.2009** година (**1.910,16** индексни поени).




На 16.03.2009 година, 15.06.2009 година, 15.09.2009 година и 15.12.2009 година Комисијата за берзански индекс изврши редовни ревизии на МБИД.

Елементи на МБИД се обичните акции издадени од следните акционерски друштва: Фабрика за цевки 11 Октомври АД Куманово, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Раде Кончар-Апаратна техника АД Скопје, Прилепска Пиварница АД Прилеп, Тутунска банка АД Скопје, ОКТА АД Скопје, и Адинг АД Скопје. Десетте избрани акции-елементи на МБИД сочинуваат над 93% од вкупниот промет на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

### *3.7.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2009 година (**30.12.2009**) = **110,06** индексни поени, што значи зголемување од **2,29%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2008 година (**30.12.2008** година = **107,60** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ **во 2009** е постигната на **27.11.2009** година (**111,13** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ **во 2009** е постигната на **30.07.2009** година (**101,52** индексни поени).



Согласно Методологијата за пресметување на Индексот на обврзници на Македонската Берза ОМБ, Комисијата за берзански индекс на 15.01.2009 година, 15.04.2009 година, 15.07.2009 година и 15.10.2009 година изврши редовни ревизии на Индексот на обврзници ОМБ. Комисијата утврди дека елементи на ОМБ се: Обврзниците за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонираните девизни влогови (РМ 01), Обврзниците за денационализација -Прва емисија (РМДЕН 01), Обврзниците за денационализација -Втора емисија (РМДЕН 02), Обврзниците за денационализација -Трета емисија (РМДЕН 03), Обврзниците за денационализација -Четврта емисија (РМДЕН 04), Обврзниците за денационализација -Петта емисија (РМДЕН 05), Обврзниците за денационализација -Шеста емисија (РМДЕН 06), Обврзниците за денационализација -Седма емисија (РМДЕН 07) и за денационализација -Осма емисија (РМДЕН 08). Согласно Методологијата, според учеството на секоја обврзница-елемент на индексот во вкупното тргување со обврзници во периодот помеѓу две ревизии, Комисијата го утврди влијанието на секој елемент на ОМБ врз движењето на индексот, при што влијанието на ниту еден елемент не смее да надминува 30%.

## *3.8. Структура на прометот по членки*

Остварениот берзански промет во 2009 година е реализиран преку активностите на 26 членки на Берзата.

Најголемо учество во вкупниот промет изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Делта брокер АД Скопје со учество од 18,36%. На второ и трето место се Комерцијална банка АД Скопје и Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 10,63% и 10,29%.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2009 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со државните хартии од вредност каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во 2009 година**

| Членка | Членка | Класично тргување | % | Блокови | % | Држава | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Делта Брокер АД Скопје | ДЛ | 109.345.948 | 1,33 | 2.357.830.132 | 45,18 | 0 | 45,18 | 2.467.176.080 |
| Комерцијална банка АД Скопје | КБ | 996.842.716 | 12,16 | 432.188.792 | 8,28 | 139.482 | 8,28 | 1.429.170.990 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | ИЛ | 1.366.600.356 | 16,67 | 0 | 0,00 | 16.982.612 | 0,00 | 1.383.582.968 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | МИ | 395.290.574 | 4,82 | 959.910.256 | 18,39 | 0 | 18,39 | 1.355.200.830 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | ИН | 507.667.084 | 6,19 | 806.283.654 | 15,45 | 0 | 15,45 | 1.313.950.738 |
| НЛБ Тутунска брокер АД Скопје | ТН | 1.003.623.145 | 12,24 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1.003.623.145 |
| Стопанска Банка АД Скопје | СБ | 328.455.466 | 4,01 | 137.953.310 | 2,64 | 0 | 2,64 | 466.408.776 |
| Поштел Брокер АД Скопје | ПТ | 145.775.077 | 1,78 | 294.768.000 | 5,65 | 0 | 5,65 | 440.543.077 |
| Охридска Банка АД Охрид | ОХ | 398.536.042 | 4,86 | 32.422.320 | 0,62 | 0 | 0,62 | 430.958.362 |
| ТТК Банка Скопје | ТК | 215.933.801 | 2,63 | 197.643.383 | 3,79 | 0 | 3,79 | 413.577.184 |
| Еурохаус АД Скопје | ЕХ | 359.399.767 | 4,38 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 359.399.767 |
| ЕУРОброкер АД Скопје | ЕУ | 328.080.438 | 4,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 328.080.438 |
| АУКТОР БРОКЕРИ АД СКОПЈЕ | АК | 272.546.884 | 3,32 | 0 | 0,00 | 1.694.414 | 0,00 | 274.241.298 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пеон Брокер АД Скопје | ПЕ | 258.345.265 | 3,15 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 258.345.265 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | ФР | 211.378.832 | 2,58 | 0 | 0,00 | 2.898.729 | 0,00 | 214.277.561 |
| ВИП АД Скопје | ВП | 207.898.600 | 2,54 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 207.898.600 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | АВ | 199.916.251 | 2,44 | 0 | 0,00 | 2.114.315 | 0,00 | 202.030.566 |
| Нови триглав АД Скопје | НТ | 190.125.677 | 2,32 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 190.125.677 |
| Мој Брокер АД Скопје | МО | 186.357.952 | 2,27 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 186.357.952 |
| Бро-Дил АД Скопје | БД | 143.947.910 | 1,76 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 143.947.910 |
| БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | ББ | 117.664.148 | 1,44 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 117.664.148 |
| СТАТЕР БАНКА АД Куманово | СТ | 86.362.199 | 1,05 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 86.362.199 |
| Универзална Инвестициона Банка АД Скопје | БЛ | 69.895.028 | 0,85 | 0 | 0,00 | 98.300 | 0,00 | 69.993.328 |
| Идеја Плус Брокер АД Радовиш | ИП | 42.335.458 | 0,52 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 42.335.458 |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | СЛ | 32.109.605 | 0,39 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 32.109.605 |
| Публикум АД Скопје | ПБ | 23.377.205 | 0,29 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 23.377.205 |
| **Вкупно** | | **8.197.811.429** | **100,00** | **5.218.999.847** | **100,00** | **23.927.852** | **100,00** | **13.440.739.128** |

## *3.9. Други активности поврзани со тргувањето*

### *3.9.1. Нова верзија на БЕСТ системот*

Во текот на целата 2009 година беа вршени интензивни технички и регулативни подготовки за имплементација на новата верзија на системот за тргување на Македонската берза. Се работеше на подготовка на нов текст на Правила за тргување на Македонската Берза, поради потребата од усогласување со Правилата за тргување на Љубљанската берза која изврши имплементација на FIX PROTOCOL во првиот квартал од 2009-та година. FIX PROTOCOL е протокол за размена на пакети на информации кој се користи во се поголем број на финансиски институции и овозможува полесно поврзување со други финансиски информациони системи.

Беа одржани повеќе состаноци на Работната група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Македонска Берза АД Скопје во на кои се дискутираше за претстојните измени на системот за тргување на Берзата. Воедно, на состаноците беа презентирани активностите кои беа преземени од страна на Берзата во насока на изготвување опсежна анализа за можностите на постојниот трговски систем и можностите и новините кои произлегуваат од новата технологија која се базира на имплементиран FIX протокол.

Во текот на месец август беа одржани состаноци со директорите на членките на Македонската берза за време на кои беше презентиран FIX протоколот и предностите и можности кои истиот ги нуди во нивното работење.

Со оглед на обемноста на сите подготвителни активности поврзани со воведувањето на новата верзија на системот за тргување и промените во Правилата за тргување на Берзата кои произлегуваат од истата, а во рамките на заложбите за побрзо реализирање на проектот со цел воведување на нов квалитет на пазарот од повеќе аспекти, помеѓу Берзата и Комисијата за хартии од вредност беше договорено да се формира работна група составена од претставници на Берзата и КХВ. Во текот на август и септември беа одржани состаноци на оваа работна група чија цел беше на претставниците од

Комисијата за хартии од вредност да им биде презентирана новата верзија на системот за тргување со сите новини и да бидат образложени сите измени што ќе настанат во Правилата за тргување со воведување на новата верзија на системот за тргување, после што претставниците на КХВ требаше да дадат мислење во врска со измените, како Берзата би можела уште во текот на изработката на новите Правила за тргување да интервенира во текстот во насока на усогласување со ставовите на Комисијата за хартии од вредност.

Одборот на директори на Берзата, на седницата одржана на 01.10.2009 година, донесе Одлука за усвојување на нови Правила за тргување на Македонска берза АД Скопје кои на 02.10.2009 година беа доставени до Комисијата за хартии од вредност за добивање согласност. Потоа, беа одржани неколку дополнителни координативни состаноци помеѓу претставниците на Берзата и Комисијата за хартии од вредност, со цел усогласување на некои од одредбите во новите Правила за тргување, на кои Комисијата за хартии од вредност истакна дополнителни забелешки во однос на дел од одредбите на новите Правила. Истакнатите забелешки, во најголем дел беа имплементирани во новиот текст на Правила за тргување, којшто беше доставен до Комисијата за хартии од вредност на 30.11.2009 година, за добивање на согласност.

Комисијата за хартии од вредност на 07.12.2009 година донесе Решение со кое се дава согласност на Правилата за тргување, и со кое, истовремено, и се наложи на Берзата да имплементира измени и дополнувања во дел од одредбите на Правилата за тргување. Постапувајќи по Решението на Комисијата за хартии од вредност, Одборот на директори на Берзата, на својата седница одржана на ден 24.12.2009 година, одлучи дел од измените и дополнувањата наведени во Решението да ги имплементира во текстот на Правилата за тргување на Берзата, а за дел од наложените измени и дополнувања во Решението беше одлучено да се обжалат пред второстепената Комисија за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност.

### *3.9.2. Промени на шифри за тргување*

Со оглед на тоа што берзанските податоци се користат и од страна на странски корисници за кои шифрите на хартиите од вредност се во латинична поддршка, за да се избегне преклопувањето на одредени шифри на тргување при нивно претворање во латиница, во првиот квартал од 2009 година за следните хартии од вредност беа променети шифрите на тргување и тоа: Бетон АД Струмица- обични акции; Бетон АД Струмица - држава; ЗИК Градиште АД Куманово - обични акции; ЗИК Градиште АД Куманово - држава; Жито Шар АД Гостивар - обични акции; Кланица со ладилник АД Штип - обични акции.

### *3.9.3. Прекини на тргување и суспендирано тргување со хартии од вредност*

Во текот на 2009 година привремено беше прекинато тргувањето со Обврзниците издадени од Република Македонија за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонираните девизни влогови, со шифра на тргување РМ01 (март и септември) и Обврзниците издадени од Република Македонија за денационализација со шифри на тргување РМДЕН01, РМДЕН02, РМДЕН03, РМДЕН04, РМДЕН05, РМДЕН06 и РМДЕН07 (мај), заради исплата на рата и камата.

Воедно, согласно барањето на ЦДХВ АД Скопје, привремено се прекина тргувањето со корпоративната обврзница издадена од Прокредит банка АД Скопје со шифра на тргување ПКБО1210 (јуни и декември), како и на корпоративната обврзница издадена од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со шифра на тргување ТНБ1111 (ноември) заради пресметка на купонска камата на обврзниците.

Согласно податоците од ЦДХВ АД Скопје, во 2009 година, беше суспендирано тргувањето со акциите на следните акционерски друштва: Единство АД Струга (ЕДСТ), Интер Кватро АД Штип (ИНКВ), АДГ Маврово Скопје (МАВР), Транскоп АД Битола (ТРБТ), Публикум АД Скопје (ПУБЛ), Шик Јелак АД Тетово (ШИК) и ЗИК Оранжерии АД Куманово (ОРНЖ).

Согласно решение на Комисијата за хартии од вредност во третиот квартал од 2009 година беше суспендирано тргувањето со акциите издадени од Тутунов Комбинат Боро Петрушевски-Папучар АД Куманово во период од 30 работни дена и истото продолжи после завршувањето на суспензијата.

## 4. КОТАЦИЈА

### *4.1. Пазарна капитализација*

На почетокот од 2009 година на официјалниот пазар на Берзата бројот на котирани друштва изнесуваше 38, со пазарна капитализација од 35,3 милијарди денари, како и 18 државни обврзници со пазарна капитализација од 18,2 милијарди денари.

На крајот од 2009 година бројот на котирани друштва на официјалниот пазар на Берзата изнесува 36, со пазарна капитализација од 38,89 милијарди денари, што претставува зголемување на пазарната капитализација од 10,3%. На крајот од 2009 година бројот на котирани државни обврзници изнесува 15, со пазарна капитализација од 14,88 милијарди денари, што претставува намалување за 18,28%, при што треба да се имаат во предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација.

### *4.2. Нови котации*

Во текот на 2009 година беше котирана Осмата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонијам, со прв датум на тргување 09.04.2009 година.

## *4.3. Исклучувања од котација*

### *4.3.1. Исклучување од котација на акции од Официјалниот Пазар*

#### *4.3.1.1. Исклучување од котација на акциите издадени од Инвестбанка АД Скопје*

По завршувањето на процесот на преземање на Инвестбанка АД Скопје, мнозинскиот акционер во банката Steiermärkische Bank und Sparkassen AG од Грац, Австрија поседуваше 99,22% од обичните акции со право на глас, при што со состојба на 01.01.2009 година друштвото имаше распространетост на родот обични акции во јавноста од 0,78% и вкупно 76 акционери.

Имајќи ги предвид наведените околности, Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 09.01.2009 констатира дека котираното друштво Инвестбанка АД Скопје не ги исполнува барањата согласно точка 2.03. став (1) и (2) од Правилата за котација и одлучи да ги исклучи од котација на акциите издадени од Инвестбанка АД Скопје од Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје согласно член 9.05 точка 2 подточка г) од Правилата за котација на Македонската берза АД Скопје почнувајќи од 12.01.2009.

#### *4.3.1.2. Исклучување од котација на акциите издадени од Маврово АДГ Скопје*

По објавени информации и изјави во медиумите во кои се наведуваше дека мнозинскиот сопственик на Маврово АДГ Скопје, Ингра д.д. Загреб, Р. Хрватска, планира отворање на стечајна постапка врз котираното друштво Маврово АДГ Скопје, Берзата од друштвото побара појаснување за објавените информации и објавување на известување преку СЕИ-НЕТ најдоцна до 15:30 часот на 26.03.2009 година. Бидејќи во наведениот рок друштвото преку СЕИ-НЕТ не објави информација, извршните директори на Берзата на 27.03.2009 со цел заштита на интегритетот на пазарот на хартии од вредност и овозможување на еднаква положба на сите учесници на пазарот на хартии од вредност а согласно член 38 од Правилата за тргување на Македонската берза и Заклучокот од Одборот на директори на Македонската берза од 13.07.2007 година, донесоа Одлука бр.02-890/1 за времено прекинување на тргувањето со обичните акции издадени од Маврово АДГ Скопје, до објавување на известување од страна на издавачот.

Подоцна во текот на истиот ден од страна на друштвото Маврово АДГ Скопје преку СЕИ-НЕТ беше објавено известување за донесена одлука на Управниот одбор на друштвото за „покренување на стечајна постапка над АГД Маврово, од причини на трајна неможност за исполнување на финансиските обврски, а во согласност со важечките македонски прописи", по што извршните директори на Македонската берза донесоа Одлука бр. 02-906/1 за престанок на временото прекинување на тргувањето со обичните акции на Маврово АДГ Скопје и продолжување на тргувањето со обичните акции на Маврово АДГ Скопје од 30.03.2009.

Имајќи ги предвид наведените околности, Одборот на директори на Македонската берза на својата седница одржана на 30.03.2009 година ја разгледа новонастанатата состојба во работењето на ова котирано друштво и констатира дека одлуката на управниот одбор на

Маврово АДГ Скопје за иницирање на отворање на стечајна постапка во друштвото, а особено аргументацијата за причините за истото, претставува сериозна причина за загрозување на интересите на инвеститорите и при тоа донесе одлука почнувајќи од 01.04.2009 година да ги исклучи од котација акциите издадени од Маврово АДГ Скопје од Официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, согласно член 9.05 точка 2 подточка ж) од Правилата за котација на Македонската берза.

#### *4.3.2. Исклучување од котација на обврзници од Официјалниот Пазар*

Во текот на 2009 година ниту една обврзница не беше исклучена од котација, а заради достасување се отстранија од тргување следниве обврзници:

- 18.02.2009 година: Континуираната државна обврзница бр.1 во 2007 година (со шифра на тргување ДО180209) издадена од Република Македонија;
- 15.06.2009 година: Континуираната државна обврзница бр.3 во 2007 година (со шифра на тргување ДО150609) издадена од Република Македонија;
- 16.11.2009 година: Континуираната државна обврзница бр.4 во 2007 година (со шифра на тргување ДО161109) издадена од Република Македонија; и
- 19.11.2009 година: Континуираната државна обврзница бр.3 во 2006 година (со шифра на тргување ДО191109) издадена од Република Македонија.

### *4.4. Активности во врска со одредени котирани друштва*

#### *4.4.1. Објавување на ценовно чувствителни информации*

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2009 година објавија вкупно 216 информации поврзани со собранието на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 198 други ценовно чувствителни информации.

#### *4.4.2. Објавување на финансиски извештаи*

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2009 година сите котирани друштва ја исполнија обврската за објавување на целосните ревидираните годишни финансиски извештаи за 2008 година во законски предвидениот рок.

Во поглед на обврската за објавување на периодични биланси на успех согласно Правилата за котација, сите друштва во предвидениот рок ги објавија неревидираните биланси на успех преку 193 поединечни објави на СЕИ-НЕТ.

#### *4.4.3. Прекини на тргување*

Согласно точка 6.09. подточка 7 од Правилата за котација заради необјавување на содржината на одлуките донесени на собрание на акционери првиот следен ден на тргување после денот на нивното донесување Берзата изврши привремен прекин на тргувањето со акциите издадени од следниве котирани друштва:

- Реплек АД Скопје на 01.04.2009 година;

- РЖ Економика АД Скопје на 21.05.2009 година;
- ЕМО АД Охрид на 07.07.2009 година; и
- Тутунски комбинат АД Прилеп на 04.08.2009 година

### 4.4.4. Специфични ситуации со котирани друштва

#### *4.4.4.1. Состојбата со котираните друштва Тутунски комбинат АД Прилеп и ОХИС АД Скопје*

Македонската берза во текот на 2009 година ги интензивираше активностите за наплата на ненаплатените отпишани побарувањата по основ на котација од друштавата кои котираат на Официјалниот пазар на Берзата и од оние кои се исклучени од котација. Притоа, Одборот на директори на Берзата на својата седница одржана на 14.07.2009 ја разгледа состојбата со долговите кои Тутунски комбинат АД Прилеп и ОХИС АД Скопје ги имаат кон Берзата по основ на годишен надоместокот за котација и согласно точка 9.05 став (2) подточка з) од Правилата за котација на Македонската берза АД Скопје, условно донесе Одлука за исклучување од котација на акциите издадени од двете друштва, која ќе започне да се применува од 01.09.2009 година, доколку друштвата заклучно со 31.08.2009 година не го исплатат долгот кон Берзата.

Тутунски комбинат АД Прилеп на 31.08.2009 година го исплати целокупниот главен долг спрема Берзата во износ од 350.000,00 денари, при што Одборот на директори на Македонската берза на телефонската седница одржана истиот ден, донесе заклучок со кој се задржуваат акциите издадени од Тутунски комбинат АД Прилеп на котација на Официјалниот пазар.

Котираното друштво ОХИС АД Скопје во неколку наврати исплати вкупно 380.000 денари од заостанатиот долг спрема Берзата, при што Одборот на директори на Берзата неколку пати го продолжуваше рокот на примена на Одлуката за исклучување на акциите на друштвото од Официјалниот пазар на Берзата. До крајот на 2009 година Берзата беше во постојана комуникација со ОХИС АД Скопје за наоѓање на решение за исплата и на преостанатиот долг.

### 4.4.5. Други активности во врска со котацијата

Во текот на 2009 година Македонската берза, во соработка со IFC и USAID, продолжи со активностите за привлекување на нови друштва на котација. За оваа цел уште во текот на 2008 година Берзата од Централниот регистар на РМ изврши набавка на податоци за 100 компании рангирани според капиталот, вкупните приходи и остварената добивка. Потоа беше извршена анализа на потенцијалните компании чии хартии од вредност би можеле да претставуваат погоден материјал за тргување на пазарот и кои би можеле да имаат интерес за котација на Македонската берза. Притоа, идејата на Берзата беше да биде понуден широк опфат на можности, кои би биле разработени согласно потребите на самото друштво: нова емисија на акции (доколку истото е потребно заради зголемувањето на капиталот и создавање на free float), како и преструктурирање на друштвото доколку се работи за друга форма на организација освен акционерско друштво. Од 100-те друштва, согласно дополнителни анализи, беше извршена потесна селекција на 20-тина друштва со кои беше контактирано и им беше испратен допис со детали околу планираниот проект за нови котации. Со дел од друштвата кои искажаа

поголем интерес беа остварени директни контакти на кои во детали беше објаснета целта на проектот, целокупната постапка и беа образложени бенефитите за друштвото. После извршените разговори, неколку друштва искажаа начелен интерес, додека едно друштво искажа формален интерес во писмена форма и подготвеност за преструктурирање во акционерско друштво, издавање на нова емисија на акции и котација на неговите акции на Официјалниот пазар на Македонската берза. Активностите со тоа друштво ќе продолжат во 2010 година, со цел котација на акциите на друштвото на Официјалниот пазар на Берзата.

## *4.5. Измени и дополнувања на Правилата за котација и активности за нивна имплементација*

Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје на седницата одржана на 08.05.2009 година донесе Одлука за измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонската берза. Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 26.08.2009 година донесе Решение со кое се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација со што започна примената на истата.

Како новини кои ги воведе Македонската берза, а кои се однесуваат на поредовно известување за финансиската состојба и работење на котираните друштвата се следниве:

- обврска за назначување и објавување лице за контакт со инвеститорите;
- допрецизирање на обврската на друштвата за доставување на известување за купувањата, односно продавањата на акции со права на глас од страна на членовите на органите на управување на друштвото;
- објавување на шестмесечни и годишни биланси на состојба како и на сите останати извештаи кои друштвото ги објавува во Регистарот на акционерски друштва на Комисијата за хартии од вредност;
- обврска за објавување на Годишниот извештај за работењето на друштвото во рок од 7 дена по усвојувањето од страна на Собранието на акционери за друштвата кои се на Берзанска котација;
- скратување на роковите во кои се објавуваат ревидираните финансиски извештаи;
- објавување на сите измени и дополнувања на дневниот ред на Собранието на акционери, веднаш по ивестувањето до акционерите;
- друштвата котирани на Супер котација имаат обврска да објават финансиски план за тековната година и Извадок од програмата за работа на друштвото за наредната година во рок од 7 дена од усвојувањето од соодветниот орган на управување;
- друштвата котирани на Берзанска котација имаат обврска да објават финансиски план за тековната година во рок од 7 дена од усвојувањето од соодветниот орган на управување.
- обврзниците чиј издавач се друштва кои се веќе на котација на Официјалниот пазар на берзата, котацијата на обврзниците да ја направат со едноставно поднесување на барање за котација на хартии од вредност и со поднесување на Проспектот за хартијата од вредност одобрен од КХВ.

- се воведува ограничување за тргувањето само со хартии од вредност кои се целосно уплатени и преносливи на Слободниот пазар на Македонската берза, услов кој до сега важеше само за котираните хартии од вредност.
- се дорегулира постапката при одбивањето на приемот на одредена хартија од вредност на Редовниот пазар, при што се предвидува информирање на Комисијата за хартии од вредност за причините за нерегистрирањето односно отстранувањето на одредена хартија од вредност на Слободниот пазар, како и можноста членка на берзата да достави жалба до КХВ.

Берзата, веднаш по добивањето на согласност од КХВ за Измените и дополнувањата на Правилата за котација, со писмо ги извести котираните друштва за новитетите кои ги предвидуваат измените на Правилата за котација. Сите котирани друштва одредбите поврзани со назначување на лица за контакт со инвеститорите и обврската за објавување на известување за бројот на акции со право на глас кои поединечно ги поседуваат членовите на органите на управување, ги исполнија во предвидениот рок.

Берзата во три поединечни средби кои се одржаа на 3 и 4.12.2009 година, одржа состаноци со лицата за контакт со инвеститорите во насока на понатамошно појаснување на измени и дополнувања на Правилата за котација. На состаноците на кои присуствуваа 32 од вкупно 36 котирани компании, Берзата се фокусира на појаснување на улогата на лицата за контакт со инвеститорите; на одредбите кои се поврзани со објавувањето на известување од страна на друштвата за купувањата, односно продавањата на акции со права на глас од страна на членовите на органите на управување на друштвото; содржината и структурата на финансискиот план кој друштвата треба да го објават за наредната 2010 година, како и за скратените рокови за објавување на одлуки и извештаи донесени на Собранието на акционери. Појаснувањата дадени на состаноците како и предлозите изнесени од котираните друштва на состанокот Берзата ги сумираше и во допис ги испрати до одговорните лица за контакт со инвеститорите од страна на друштвата.

## 5. ЧЛЕНСТВО

### *5.1. Членки на Берзата*

Во текот на 2009 година на две членки на Берзата трајно им престана членството во Берзата, како последица на што на крајот од 2009 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 25, од кои 7 се банки, а 18 се брокерски куќи.

Во 2009 година состојбата со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје е презентирана во следнава табела:

| **Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје** | | | |
|---|---|---|---|
| Број на членки на Берзата на почеток на 2009 година | | **27** | |
| | | | |
| Привремено исклучување од членство | *Назив* | *Датум на привремено исклучување од членство* | *Датум на повторно стекнување на статусот на членка* |
| | Поштел Брокер АД Скопје | 09.02.2009 | 23.03.2009 |
| | Публикум АД Скопје | 01.04.2009 | Датумот на целосно исполнување на континуираните услови за членство во Берзата |
| | | | |
| Трајно исклучување од членство | Назив | Датум на трајно исклучување од членство | Шифра за тргување |
| | ДИНЕВ БРОКЕР АД Скопје | 13.04.2009 | ДН |
| | Публикум АД Скопје | 24.12.2009 | ПБ |
| | | | |
| Број на членки на крај на 2009 година | | **25** | |

Постапувајќи по решенија на Комисијата за хартии од вредност во однос на членките, Македонската берза во текот на 2009 година ги презеде следните активности:

- Врз основа на Решение на Комисијата за хартии вредност, со кое се изрекува мерка привремена забрана на брокерската куќа Поштел Брокер АД Скопје за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза донесе одлука за привремено исклучување од членство во Берзата на членката Поштел Брокер АД Скопје со времетраење од 30 работни дена, започнувајќи од ден 09.02.2009 година.

- Врз основа на Решение на Комисијата за хартии вредност, со кое се врши одземање на дозволата за работа на Динев Брокер АД Скопје, поради настанување на прекин во работењето на брокерската куќа во временски период подолг од шест месеци, Одборот на директори на Берзата донесе одлука за трајно исклучување од членство во Берзата на членката Динев Брокер АД Скопје, започнувајќи од ден 13.04.2009 година.

Во продолжение е презентирана листа на членките на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2009 година:

| **ЧЛЕНКА** | **ШИФРА** |
|---|---|
| | |
| Алта Виста Брокер АД Скопје | АВ |
| АУКТОР Брокери АД Скопје | АК |
| Битола Брокер АД Битола | ББ |
| Бро-Дил АД Скопје | БД |
| ВИП АД Скопје | ВП |
| Делта Брокер АД Скопје | ДЛ |
| Еуро Брокер АД Скопје | ЕУ |
| Еурохаус АД Скопје | ЕХ |
| Идеја Плус Брокер АД Радовиш | ИП |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ |
| Инвестброкер АД Скопје | МИ |
| Иново Брокер АД Скопје | ИН |
| Комерцијална банка АД Скопје | КБ |
| МОЈ Брокер АД Скопје | МО |
| НЛБ Тутунскаброкер АД Скопје | ТН |
| Нови Триглав АД Скопје | НТ |
| Охридска банка АД Охрид | ОХ |
| ПЕОН Брокер АД Скопје | ПЕ |
| Поштел Брокер АД Скопје | ПТ |
| Статер Банка АД Куманово | СТ |
| Стопанска банка АД Скопје | СБ |
| ТТК Банка АД Скопје | ТК |
| УНИ банка АД Скопје | БЛ |
| Фершпед Брокер АД Скопје | ФР |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | СЛ |

## *5.2. Овластени брокери*

Во 2009 година состојбата со статусот на овластените брокери со право за пристап до БЕСТ системот на Македонска берза АД Скопје е презентирана во следнава табела:

| **Овластени брокери со право на пристап до БЕСТ** | |
|---|---|
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на почеток на годината | **96** |
| | |
| Број на овластени брокери кои се стекнале со правото за пристап до БЕСТ системот | **7** |
| Број на овластени брокери на кои им е суспендирано правото за пристап до БЕСТ системот | **36** |
| Број на овластени брокери на кои им е активирано суспендираното право за пристап до БЕСТ системот | **18** |
| | |
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на крај на годината | **85** |

Намалувањето на бројот на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот во текот на 2009 година се должи, пред се, на намалувањето на бројот на членки на Берзата во истиот период, како и намалувањето на обемот на работа на активните членки на Берзата.

Постапувајќи по решенија на Комисијата за хартии од вредност во однос на овластените брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, во текот на 2009 година Берзата на неколку наврати го укинуваше, односно суспендираше, и активираше правото на пристап на овластените брокери до БЕСТ системот на Берзата.

Во текот на 2009 година Берзата ги водеше и редовно ги ажурираше регистарот на членки и регистарот на брокери, согласно одредбите на Правила за членство на Берзата.

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2009 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност. Оваа активност, пред сé, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност.

Во 2009 година, имајќи ја предвид регулативната и контролната функција на Комисијата за хартии од вредност согласно одредбите од Законот за хартии од вредност, за некои од констатациите на Берзата при спроведениот надзор, во неколку наврати, со допис беше информирана Комисијата за хартии од вредност. Исто така, имајќи ја предвид одредбата од Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, согласно која Комисијата за хартии од вредност е одговорна институција за спроведување на овој закон над брокерските куќи, друштвата за управување со фондови и берзата, Берзата достави соодветно известување до Комисијата за една склучена блок трансакција (тргнувајќи од индикаторите за распознавање на сомнителни трансакции на берза, објавени на интернет страницата на Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам).

Во првиот квартал од 2009 година, беше одржан состанок со директорите на членките на Берзата со цел да се презентираат препораките во однос на воочените појави при вршењето на надзорната функција на Берзата и превентивно да се влијае врз одредени појави и постапки кои би можеле да доведат до повреда и кршење на актите на Берзата.

Во текот на 2009 година, со користење на принципот базиран на ризици (risk based approach) беа извршени дванаесет контроли на работењето на членките на Берзата и тоа: четири редовни теренски годишни контроли кај членки на Берзата кои беа последни примени во членство на Берзата и кај кои не била спроведена контрола, четири теренски контроли во членки со најголемо учество во вкупно оствареniот промет на Берзата

заклучно со 01.11.2009 година и четири контроли по барање на Комисијата за хартии од вредност (две теренски контроли и две вонтеренски контроли).

Во текот на 2009 година беа поднесени седум предлози за отпочнување на дисциплински постапки против членки на Берзата, а како последица на извршени контроли во 2008 година, а беше поднесен и еден предлог за отпочнување на дисциплинска постапка против членка на Берзата врз основа на извршената теренска контрола на барање на КХВ.

Дисциплинската комисија изрече дисциплински мерки на пет членки и тоа: едно укажување, едно укажување и опомена на овластен брокер, две опомени, како и една парична казна. Дисциплинските постапки против две членки беа запрени од страна на Дисциплинската комисија поради тоа што не беше констатирана повреда на актите на Берзата или на прописите од областа на хартии од вредност, додека Дисциплинската комисија ја запре дисциплинската постапка против една членка поради претходно санкционирање на членката од страна на Комисијата за хартии од вредност за направени повреди на прописите од областа на работењето со хартии од вредност при извршување на налози на клиенти.

На барање на КХВ, а во врска со менување на начинот на внесување на налози во БЕСТ системот од аспект на сметките на клиентите во ЦДХВ преку кои се врши порамнување на трансакциите беше одржан заеднички состанок помеѓу претставници на КХВ и Берзата, на кој се разговараше околу начинот на реализација на иницијативата на КХВ. Берзата достави до Комисијата за хартии од вредност писмен документ во кој се изнесени ставовите на Берзата околу иницираните промени на начинот на внесување на налозите во БЕСТ системот од аспект на сметките на хартии од вредност на инвеститорите.

## 7. НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2009 година, сумарно се прикажани преку следните пунктови:

### *7.1. Донесување на нови и изменување на дополнување на важечките акти на Берзата*

Со цел подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност од страна на Берзата, во текот на 2009 година беа направени измени во актите на Берзата, преку донесување на нови верзии или измена на постоечките верзии на актите, по иницијатива на Берзата или по задолжување од страна на Комисијата за хартии од вредност и тоа:

### *7.1.1. Правилата за тргување на Берзата*

#### *7.1.1.1. Измена на важечките Правила за тргување на Берзата*

Како резултат на иницијативата поднесена од страна на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Република Македонија, за изнаоѓање на соодветно решение за реализација на налозите на клиентите со воведување на нови видови на налози за тргување, Одборот на директори на Берзата на ден 01.06.2009 година донесе Одлука бр.02-1599/1 за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата, со која се воведува т.н. „налог по најповолна цена". Исто така, во насока на надминување на одредени отворени прашања во делот на начинот на реализирање на налозите во БЕСТ системот, со оваа Одлука се врши дополнување во смисла на допрецизирање на условите под кои може парцијално да се реализира налог во БЕСТ системот од аспект на количината, кога истиот гласи на поголема количина.

Одлуката бр.02-1599/1 беше доставена до Комисијата за хартии од вредност и до Групацијата за разгледување и забелешки од нивна страна, пред истата да биде конечно доставена до Комисијата за согласност. По приемот на заедничките забелешки на Групацијата и на Комисијата за хартии од вредност на Одлуката бр.02-1599/1, Одборот на директори на Берзата ги разгледа доставените забелешки и истите ги имплементираше во текстот на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата и истата беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за согласност. До отпочнувањето на новата постапка за согласност за новите Правила за тргување на Берзата, Комсијата за хартии од вредност не донесе одлука за согласност за Одлуката бр.02-1599/1. Поради тоа, решенијата од Одлуката бр.02-1599/1 беа предмет на договарање со Комсијата а хартии од вредност при усвојувањето на новите Правила за тргување на Берзата, при што ваквите решенија не беа вградени во конечната верзија на новите Правила за тргување за кои беше дадена согласност од страна на Комсијата за хартии од вредност во Декември 2009 година.

#### *7.1.1.2. Донесување на нови Правила за тргување на Берзата*

Имајќи ги предвид активностите наведени во точка 3.9 од овој Извештај, Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 01.10.2009 година, донесе Одлука бр.02-2170/1 за усвојување на нови Правила за тргување на Македонска берза АД Скопје. По одржувањето на координативните состаноци со Комисијата за хартии од вредност и вградувањето, во најголем дел, на истакнатите забелешки во новиот текст на Правила за тргување на Берзата, истиот беше доставен до Комисијата за хартии од вредност на ден 30.11.2009 година, за добивање на согласност.

Комисијата за хартии од вредност, на ден 07.12.2009 година, даде согласност на новите Правила за тргување на Берзата и истовремено и наложи на Берзата да имплементира одредени измени и дополнувања во текстот на Правилата, кои измени и дополнувања Одборот на директори делумно ги прифати, додека за дел од истите беше одлучено да бидат обжалени од страна на Берзата пред второстепената Комисија за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност.

### *7.1.2. Правилата за котација на Берзата*

Согласно изнесеното во точка 4.5., Одборот на директори на Берзата на ден 08.05.2009 година донесе Одлука за измени и дополнувања на Правилата за котација на Берзата. Постапувајќи по барањето за согласност од Берзата, Комисијата за хартии од вредност на ден 26.08.2009 година донесе Решение со кое се дава согласност на измените и дополнувањата на Правилата за котација на Берзата и со кое, истовремено, се задолжува Берзата да имплементира одредени измени во Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација. Берзата во целост постапи по задолжението на Комисијата за хартии од вредност, при што измените и дополнувањата на Правилата за котација на Берзата стапија на сила почнувајќи од ден 02.09.2009 година.

### *7.1.3. Тарифник за висина на надоместоците на Берзата*

Имајќи ги предвид декларираните програмски определби на Берзата за намалување на трансакционите трошоци за инвеститорите, како и потребата за усогласување со најновите законски измени и воведувањето на нови берзански услуги, Одборот на директори на Берзата на 15.05.2008 година донесе нов Тарифник за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје. Надоместоците дефинирани во новиот Тарифник на Берзата, вклучувајќи ги и трговските провизии, беа утврдени врз основа на направени детални анализи. Во текот на 2008 година Комсијата за хартии од вредност, во рамките на постапката за давање на согласност на Тарифникот, со две последователни решенија значајно ја намали висината на предложените надоместоци за услугите на Берзата, кои решенија беа обжалени од страна на Берзата пред второстепената Комсија за реавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност. Второстепената Комисија, во рамките на постапката за одлучување по жалбите на Берзата, ги упати двете институции да изнајдат заедничко прифатливо решение за висината на надоместоците на Берзата, со кое ќе се воспостави баланс помеѓу, од една страна, потребата за намалување на трошоците на инвеститорите и од дрга страна, потребата за постоење на стабилен и развојно ориентиран секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, како и влошената финансиска состојба на Македонската берза и негативните состојби на пазарот на хартии од вредност од аспект на драстично намалениот промет, во текот на 2009 година Берзата пристапи кон повторно менување на Тарифникот, со цел реално утврдување на висината на надоместоците за своите услуги и обезбедување на финансиска стабилност и развој на Берзата.

#### *7.1.3.1. Постапка за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Берзата, согласно Одлуката бр.02-163/1 од 21.01.2009 година на Одборот на директори*

Одборот на директори на Берзата на ден 21.01.2009 година донесе Одлука бр.02-163/1 за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата, со цел корегирање на дел од надоместоците за тргување во насока на нивно зголемување, со едновремено поедноставување на тарифирањето со воведување на една општа стапка за сите трансакции со акции при редовното

тргување преку БЕСТ системот, зголемување на износот на еднократниот надоместок за котација и на годишниот надоместок за котација, зголемување на надоместокот за берзанските информации што се дистрибуираат во реално време, со право на редистрибуција и воведување на паушален надоместок за учество на куповната страна при продажба на хартии од вредност од примарна емисија преку Берзата.

Во врска со Одлуката бр.02-163/1, Комисијата за хартии од вредност на 18.05.2009 година донесе Решение со кое не се дава согласност на истата, поради што Берзата на ден 19.06.2009 година вложи жалба против Решението на Комсијата, врз основа на што второстепената Комисија за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност го поништи првостепеното Решение на Комисијата за хартии од вредност и предметот го врати на повторно решавање. Во истата постапка, Комисијата за хартии од вредност на ден 25.09.2009 година донесе Решение со кое по втор пат не даде согласност на Одлуката бр.02-163/1 за измена на Тарифниот за висината на надоместоците на Берзата, по што Берзата повторно вложи жалба, но овој пат само во однос на недавањето на согласност на надоместокот за тргување со акции, како главна приходна ставка на Берзата (имајќи предвид дека на 01.10.2009 година Берзата донесе нова Одлука за измени и дополнувања на Тарифникот со која се врши корегирање на надоместоците за котација и на дел од надоместоците за дистрибуција на берзански податоци).

Второстепената Комисија за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност до крајот на извештајниот период не донесе одлука по втората жалба на Берзата и управната постапка беше сеуште во тек.

*7.1.3.2. Постапка за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Берзата, согласно Одлуката бр.02-2171/1 од 01.10.2009 година на Одборот на директори*

Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје, на својата седница одржана на ден 01.10.2009 година, донесе нова Одлука бр.02-2171/1 за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, во насока на воведување на нови тарифни ставки за новите услуги развиени од страна на Берзата, како и прилагодување на дел од постоечките тарифни ставки во согласност со инвестиициите и ресурсите што Берзата ги има вложено и континуирано ги вложува во креирањето, одржувањето и развојот на соодветните услуги и продукти.

Во врска со Одлуката бр.02-2171/1, Комисијата за хартии од вредност донесе Решение со кое се дава согласност на истата и со кое, истовремено, се наложува на Берзата да имплементира измена во текстот на Тарифникот што се однесува на висината на годишниот надоместок за котација со хартии од вредност на Берзата. Со денот на приемот на Решението за согласност од Комисијата, започнаа да се применуваат новите надоместоци утврдени во Одлука бр.02-2171/1 за измени и дополнувања на Тарифникот на Берзата, освен соодветниот годишен надоместок за котација, кој започна да се применува откако Одборот на директори на Берзата, на својата седница одржана на 24.12.2009 година го имплементираше наложувањето на Комисијата за измена на надоместокот за котација.

## 7.2. Годишно собрание на акционери на Берзата

На 22.04.2009 година беше одржана 23-тата седница на Собранието на акционери на Берзата, на кое беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2008 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2008 година, Финанскиските извешатаи за 2008 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2009 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2008 година, Одлука за распоредување на нераспределена добивката до 31.12.2008 година, Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2008 година, Одлука за именување на ревизор на финансиските извештаи на Македонска берза АД Скопје за 2009 година.

Во предвидените рокови Берзата ги презеде сите потребни активности за спроведување на одлуките од Собранието на акционери.

## 7.3. Активности во врска со продажбата на мнозински пакет акции на Берзата на стратешки купувач

На почетокот на 2009 година, финансиските консултанти на Берзата во рамките на отпочнатата постапка за продажба на мнозински пакет акции на стратешки купувач го доставија т.н. "Информативен меморандум" до пријавените учесници во тендерот (три реномирани регионални и европски берзи) заради доставување на т.н. индикативни понуди од нивна страна. Воедно, беше потпишан анекс на Договорот помеѓу акционерите на Македонска берза АД Скопје од страна на сите потписници на договорот, со цел пролонгирање на крајниот рок за потпишување/пристапување кон Договорот до 28.02.2009 година. До истекот на наведениот краен рок, Акционерскиот договор го потпишаа, односно кон истиот пристапија 18 акционери на Берзата кои поседуваа околу 77.8% од вкупно издадените акции на Берзата.

Во понатамошниот дел од тендерската постапка, непосредно пред истекот на рокот за доставување на индикативни понуди од страна на берзите кои се пријавија на доставената покана за учество во тендерот, финансискиот советник на акционерите на Берзата ја информираше избраната Работна група за оперативно водење на постапката дека до консултантите не се доставени индикативни понуди и дека не постојат нови околности од значење за текот на постапката за продажба (не се донесени потребните измените на Законот за хартии од вредност и нема подобрување на атрактивноста на Берзата преку соодветно зголемување на намалените берзански надоместоци за тргување), поради што Работната група донесе заклучок постапката за продажба на мнозински пакет на акции на Берзата на стратешки купувач да биде ставена во мирување, за што беа информирани сите акционери на Берзата.

Врз основа на преходно донесениот став на Работната група за ставање во мирување на постапката за продажба на Берзата на стратешки купувач, како и фактот дека ниту еден акционер на Берзата не достави друг предлог за идно постапување до Берзата и/или до Работната група, а имајќи ги предвид усложнетите услови во кои

функционираше Македонската берза, но и останатите берзи во текот на 2009 година, на седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 14.07.2009 година беше одлучено да се раскинат договорите со консултантите на Берзата во тендерската постапка и истите да се исплатат за дотогаш превземените активности. Склучениот договор помеѓу акционерите на Македонска берза АД Скопје престана да важи на ден 08.10.2009 година.

## *7.4. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност*

### *7.4.1. Контрола од страна на Комисијата*

Во месец Јануари, 2009 година Берзата достави до Комисијата за хартии од вредност одговор на Записникот од извршената контрола на Комисијата над работењето на Берзата на ден 24.12.2008 година. Со оглед на тоа што во Записникот на Комсијата беше наведено дека од Берзата се побарани, а не се добиени Договорот помеѓу акционерите на Берзата за споведување на постапката на продажба на мнозински пакет на акции и упатената Покана до потенцијални стратешки купувачи, во прилог на одговорот на Записникот, по претходен заклучокот и овластување од Работната група, беше доставена копија од Договорот помеѓу акционерите на Берзата и доставената Покана до потенцијалните стратешки купувачи за учество во тендерската постапката.

Како резултат на недоставувањето на наведената документација на Комисијата за хартии од вредност, без претходно овластување од Работната група (којашто е овластен претставник на акционерите на Берзата во тендерската постапка), Комисијата изрече јавна опомена на Македонска берза АД Скопје и на Главниот Извршен директор, Иван Штериев. Берзата и Главниот Извршен директор на Берзата поднесоа жалба против изречената мерка на Комисијата за хартии од вредност, која жалба второстепената Комисија за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во целост ја усвои и го поништи Решението на Комисијата за хартии од вредност со кое беше изречена јавната опомена спрема Берзата и Главниот Извршен директор.

На 21.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност ја изврши редовната годишна контрола на работењето на Берзата со цел проверка на целокупното работење на Берзата о текот на 2009 година. До крајот на извештајниот период не беше доставен записникот од Комисијата за извршената контрола.

### *7.4.2. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2009 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата, на барање на Комсијата за хартии од вредност, повеќепати доставуваше дополнителни дописи и известувања до Комисијата заради дообјаснување на причините за измени на дел од актите на Берзата, за улогата на Берзата согласно

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам итн.

Покрај наведеното, во текот на 2009 година, Берзата достави до Комисијата за хартии од вредност Барање за давање согласност за именување на директор на берза за Иван Штериев и Елена Јакимовска Петровска, на кое барање Комисијата за хартии од вредност позитивно одговори и на ден 11.03.2009 година донесе Решение со кое се дава согласност за директор на Берзата на постојните извршни директори на Берзата.

### *7.5. Судски постапки*

Во текот на 2009 година, од страна на физичко лице - акционер на Берзата се поднесени две тужби против Берзата до Основниот суд Скопје 2 Скопје, при што со првата тужба се бара утврдување на делумна ништовност на Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Берзата од 23.12.2008 година, а со втората тужба се бара утврдување на целосна ништовност на истата Одлука.

Исто така, во текот на извештајниот период продолжија активностите во врска со отпочнатите судски постапки во претходните години против акционерските друштва кои ги немаат подмирено надоместоците за котација на нивните хартии од вредност на Берзата, како резултат на што Берзата, во најголем дел, успешно ги наплати своите побарувања од котираните друштва-должници, било преку вонсудско спогодување или присилно извршување, во вкупен износ од 865.566,00 денари.

Во текот на извештајниот период е отворена стечајна постапка над должникот ШИК ЈЕЛАК АД Тетово, при што Берзата навремено го пријави своето побарување во стечајната постапка пред надлежниот Суд и именуваниот стечаен управник. Воедно, покрената е претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечај над должникот Жито Скопје АД Скопје, поради што Берзата врши редовни проверки за тоа дали формално ќе биде отворена стечајна постапка над должникот, заради навремено пријавување на побарувањата.

### *7.6. Склучени договори за дистрибуција на берзански податоци*

Во текот на 2009 година, Берзата интензивно работеше на креирање на современ концепт на продажба и дистрибуција на финансиски податоци, согласно искуствата на регионалните и светските финасиски институции и професионални редистрибуери на берзански информации. Ваквиот современ концепт на продажба и дистрибуција на берзански податоци овозможува креирање на диверзифицирани продукти за дистрибуција по основ на обемот на берзански податоци што се дистрибуираат и начинот на пристап до податоците, што ќе и овозможат на Берзата водење на флексибилна ценовна политика во зависност од видот на продуктот, како и полесно прилагодување на различните барања на индивидуалните и професионалните корисници.

Како резултат на наведеното, Берзата влезе во поинтензивни активности за што е можно поширока дистрибуција на берзанските податоци, а со цел долгорочно зголемување на атрактивноста на македонскиот пазар на хартии од вредност и привлекување на поголем број на инвеститори од регионот и пошироко, поради што во текот на извештајниот период беа склучени договори за дистрибуција на берзански информации со поголем број на локални и меѓународни дистрибутери, и тоа:

| **Локални дистрибутери** | **Тип на продукт за дистрибуција на берзански податоци** |
|---|---|
| Еуро Брокер АД Скопје | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Интервеј ДОО Скопје | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Капитал Медиа Гроуп ДОО Скопје | дистрибуција на податоци на крајот од трговскиот ден и дистрибуција на Тикер |
| МАПАС | дистрибуција на податоци во реално време, без право на редистрибуција |
| Џин Продукција ДОО Скопје | дистрибуција на Тикер |
| КБ Прво Пензиско друштво АД Скопје | МБ-НЕТ |
| Народна Банка на Република Македонија | дистрибуција на податоци на крај на трговскиот ден |
| | |
| **Меѓународни дистрибутери** | **Тип на продукт за дистрибуција на берзански податоци** |
| Teletrader (Австрија) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Еуропоинт системи (Србија) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Булброкерс (Бугарија) | дистрибуција на податоци на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| SIX Telekurs LTD (Швајцарија) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Bloomberg (САД) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |

Воедно, во последниот квартал од 2009 година беа водени успешни преговори со глобалниот дистрибутер на финансиски информации Thomson Reuters, пришто беше постигната согласност за склучување на нов договор за дистрибуција на податоците на Македонската берза во реално време, со право на редистрибуција, на комерцијална основа.

## *7.7. Доставување одговори на поднесени барања*

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во голема фрекфенција се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции.

## *7.8. Други нормативни активности*

### *7.8.1. Активности во врска со заштитата на трговската марка на инексите МБИ10, МБИД и ОМБ*

Со цел заштита на трговската марка на индексите на Берзата, МБИ10, МБИД и ОМБ, во текот на месец Март, 2009 година беа поднесени соодветни барања за заштита до Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија, врз основа на што на ден 20.08.2009 од страна на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија до Берзата беше доствено Решението со кое се потврдува заштитата на трговската марка на берзанските индекси МБИ10, МБИД и ОМБ.

### *7.8.2. Евидентирана промена во Централниот Регистар на Република Македонија*

Врз основа на Одлуката за избор на членови на Одборот на директори на Берзата донесена од страна на Собранието на акционери на Берзата на седницата одржана на 23.12.2008 година, на ден 13.01.2009 година беше евидентирана промената на составот на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во Централниот Регистар на Република Македонија.

### *7.8.3. Активности во врска со имплементација за Законот за задолжително социјално осигурување*

Берзата ги спроведе сите неопходни активности за целосно усогласување на актите на Берзата и на договорите за вработување склучени помеѓу Берзата и вработените со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и воведување на т.н. концепт на „бруто плата".

# 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА И ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

## *8.1. Активности поврзани со миграција на новата верзија на БЕСТ системот*

Во 2009 година се реализираа низа активности со цел миграција на новата верзија на БЕСТ системот, како што се:

#### *8.1.1. Инсталација на првична верзија на тестен сервер*

Со реализација на оваа активност вработените во Берзата добија можност да се запознаат со новите функционалности кои ги овозможува нова верзија на системот за тргување. Исто така, вработените во одделот за информатичка и техничка поддршка се запознаа со архитектурата на новата верзија на системот за тргување и методите за негова инсталација.

#### *8.1.2. Трансфер на податоците од старата на новата верзија на системот за тргување*

Во овој дел, беа извршени сите потребни трансформации на базата на податоци која ја употребува старата верзија на системот, така што истите беа прилагодени за употреба во новата верзија на системот за тргување.

#### *8.1.3. Промените во новата верзија на системот за тргување и тестирање*

Со донесувањето на новите Правила за тргување од страна на Одборот на директори на Македонската Берза, беше изготвена спецификација за преработка на новата верзија на системот за тргување така што истиот ќе работи во согласност со донесените Правила. По добивањето на новата верзија (со имплементирани промени), се изврщија основни тестирање на истите, од аспект на проверка на коректност на спецификираните барања. По добивање на верзија која ги задоволува побараните промени, се пристапи кон формирање на тест опкружување, со што се овозможи вработените од Секторот за деловни операции да извршуваат детални тестирање. Исто така, ова опкружување се употреби и за тестирање на FIX gateway (имплементација на FIX протоколот) од страна на членките на Берзата кои пројавија интерес за тоа.

#### *8.1.4. Прилагодување на другите системи за премин кон новата верзија на БЕСТ системот*

Поради фактот што новата верзија на БЕСТ системот користи различна структура на базата на податоците, неопходно беше да се изврши промена на сите под системи кои ги користат новите податоци (БерзаНет, БЕСТНет, веб страница на Берзата, web services за дистрибуција на податоците и др.)

## *8.2. Приклучување на нови дистрибутери на берзански податоци*

Во текот на 2009 година на web services за дистрибуција на берзански податоци беа приклучени Bloomberg (САД), SIX Telekurs LTD (швајцарија), Teletrader (Австрија), Булброкерс (Бугарија), ЕуроБрокер АД Скопје и Интервеј ДОО Скопје.

## *8.3. Преземање на изворниот код на БЕСТ системот*

Согласно потпишаниот Анекс бр. 7 на договорот за лиценца за употреба на БЕСТ системот со Љубљанска берза од 16.05.2008 година, според кој се изврши депонирање на декриптиран изворен код на сите верзии на БЕСТ системот кај Македонската Берза, како и поради добивањето на можноста за повлекување на истиот по пратено писмено известување до Љубљанската Берза во рок од 5 дена по испраќањето на истото, на 30.11.2009 година беше испратено писмено известување до Љубљанската Берза со кое се искористи ова право. Со преземањето на изворниот код на БЕСТ системот се промени неговиот статус од лиценца за употреба на софтвер во сопственост на софтверот од страна на Македонска Берза.

## *8.4. Имплементација на БЕСТНет Аналитика*

По добиените детални спецификации за модулите „Техничка анализа“ и „Мое портфолио“ беше извршена нивна имплементација при што модулот „Техничка анализа“ беше имплементиран во целост, а модулот „Мое портфолио“ беше имплементиран до ниво на библиотека со функционалности. Модулот „Фундаментална анализа“ како и финалната имплементација на модулот „Мое портфолио“ беше имплементиран од страна на надворешна софтверска куќа. Поради тоа што овој продукт ја користи структурата на базата на податоци на новата верзија на системот за тргување истиот ќе биде пуштен во употреба веднаш по пуштањето во употреба на новата верзија на БЕСТ системот.

За полесно запознавање на функционалноста и можностите на новите услуги содржани во пакетот БЕСТНет Аналитика изработени се технички упатства за користење на поединечните модули од пакетот. Беа изготвени и детални презентации преку кои на потенцијални корисници и заинтересирани лица им се прикажаа можностите и предностите од користење на услугите содржани во пакетот БЕСТНет Аналитика.

## *8.5. Реализирани набавки*

Согласно програмата за работа за 2009 година, а по анализа на добаиените понуди, се изврши набавка на следниве основни средства:

- Сервер за чување на податоци од тековно работење на Берзата (file сервер)
- Сервер кој физички е сместен надвор од просториите на Берзата и служи за чување на сите податоци кои произлегуваат од системот за тргување со употреба на механизам за репликација на MS SQL Server 2008 std.
- Switch уреди;
- Лиценци за системски софтвер (Microsoft Windows Server 2008 std) и софтвер за бази на податоци MS SQL Server 2008 std) потребни за имплементација на новата верзија на системот за тргување

## *8.6. Некоректна работа на сеганата верзија на БЕСТ системот и соодветно разрешување на истата*

Во деновите 10.11.2009 и 23.11.2009 година дојде до прекин во тргувањето, при што на 10.11.2009 година прекинот траеше 4 часа, а на 23.11.2009 година прекинот траеше 1 час. Овие прекини се случија поради тоа што БЕСТ системот неправилно ги извршуваше однапред сетираните временски настани за распоредите на тргување (истите се извршуваа една секунда предвремено), при што ваквото однесување резултираше со некоректна системска состојба. Веднаш по настанувањето на овие состојби Берзата стапи во комуникација со Неоком АД Скопје (компанија задолжена за одржување на серверите на кои е инсталиран БЕСТ системот), при што беа извршени низа тестирања на опремата, но не беше констатиран никаков проблем кај истата. Исто така, во изнаоѓањето на причините за настанувањето на ваквите состојби Берзата беше во постојана комуникација со Новита ДД Љубљана (компанија која е задолжена за одржување на БЕСТ системот). По воспоставената комуникација со официјалните претставници на Databases Team од Microsoft Deutschland GmbH, беше констатирано дека MS SQL Server 2008 std SP1, ја менува резолуцијата на системскиот часовник и ја нарушува нормалната работата на распоредите за тргување на БЕСТ системот.

Со цел надминување на овие состојби во иднина беше извршена промена на тековната архитектура на системот, при што се изврши поделба на Trading Engine 1.5 серверот и серверот за база на податоци (MS SQL Server 2008 std SP1) на два посебни уреди при што промените на резолуцијата на системскиот часовник на серверот за база на податоци не влијае на резолуцијата на системскиот часовник на Trading Engine 1.5 серверот.

## *8.7. Склучен договор за одржување*

На 01.02.2009 година со Новита ДД Љубљана беше склучен годишен Договор за одржување на БЕСТ системот. Исто така, на 01.03.2009 година беа склучени два договори за одржување и тоа: годишен договор со Неоком АД Скопје за одржување на серверските и комуникациските уреди и годишен договор со Сието ДООЕЛ Скопје за одржување на УПС уредите.

## *8.8. Други договори*

Заради потребните промени на БЕСТ системот поврзани со имплементација на новите Правила за тргување со Новита ДД Љубљана на 02.10.2009 година беше склучен договор за модификација на истиот.

Исто така, се потпиша Анекс бр. 8 на договорот за лиценца за употреба на БЕСТ системот со Љубљанската Берза од 28.10.2009 година, со кој се донија 7 дена бесплатни консултантски услуги во врска со преземениот изворен код на БЕСТ системот, а на 30.11.2009 година беше склучен и договор за реализација на тие консултантски услуги во кој се утврдија детални термини и план за реализација на истите.

# 9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2009 година беа преземени следните активности во доменот на едукацијата:

## *9.1. Предавања и презентации во организација на Берзата*

- Во рамките на соработката помеѓу Македонската берза и бројните образовни институции во Република Македонија во текот на 2009 година беа организирани посети од страна на средни училишта, факултети и институти. Целта на овие посети е да се даде една општа слика за начинот на функционирање на пазарот на капитал во Република Македонија, со посебен осврт на работењето на Македонската берза и на берзанскиот електронски систем за тргување – БЕСТ. За студентите од Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј од Скопје беа организирани и неколку предавања во рамките на факултетот со цел студентите да можат потедално да се запознаат со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија и со начинот на кој што функционира берзанскиот електронскиот систем за тргување.

- По барање на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, а во рамките на Програмата за почетна обука на кандидатите за идни судии и јавни обвинители, во текот на јули и ноември 2009 година во просториите на Македонска берза беа организирани практични обуки за време на кои беа презентирани правните аспекти од работењето на Берзата и на останатите институции во пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, како и начинот на функционирање на берзанскиот електронски систем на тргување.

## *9.2. Практикантска работа*

Во рамките на соработката помеѓу Берзата и Европскиот Универзитет – Република Македонија и согласно потпишаниот Меморандум за соработка (мај 2009 година) со Карана корпорацијата во рамките на Националната програма за практикантска работа и вработување Моја кариера, во текот на 2009 година беше организирана практична работа за четворица студенти. За време на праксата студентите се запознаа со организационата поставеност на Берзата и со начинот и делокругот на работа на некои организациони единици, а дел од практикантите беа вклучени во креирањето на базата на податоци за новиот продукт на берзата БЕСТ НЕТ АНАЛИТИКА.

## *9.3. Реализација на проектот “Студентска берза”*

Во текот на 2009 година продолжи реализацијата на едукативниот проект „Студентска берза” кој што го организира Македонската берза. Во првата половина од 2009 година се одвиваше четвртиот циклус на овој проект при што Берзата редовно ги следеше резултатите на месечно ниво и соодветно ги

наградуваше петте најдобро рангирани учесници. На 08.07.2009 година во просториите на берзата беше одржана пригодна свечаност по повод завршувањето на четвртиот циклус на проектот и на најуспешниот учесник на годишно ниво му беше доделена диплома од Берзата и парична награда од 12.500 денари за следење на следната обука за работа со хартии од вредност во организација на Комисијата за хартии од вредност. Со стартот на новата академска година започна новиот петти циклус на проектот "Студентска берза" чија реализација ќе биде во периодот октомври 2009 – мај 2010 година. Покровители на проектот во овој циклус се Комерцијална банка АД Скопје (главен покровител), Алкалоид АД Скопје, ВВ Тиквеш АД Скопје, Гранит АД Скопје и медиумскиот покровител, неделникот Капитал.

## *9.4. Организација и учество на семинари и обуки*

- Во организација на Македонската берза и Програмата Партнери за финансиска стабилност, кофинансирана од USAID и Easte West Management Institute на 24 септември 2009 година се одржа семинар на тема "Односи со инвеститори". Директорот на Програмата Партнери за финансиска стабилност, претставникот на одделението за односи со инвеститори во една од најголемите банки во Полска-BRE Bank, Варшава и директорот за инвестиции во инвестицискиот фонд Limestone Investment Management од Талин, Естонија им презентираа на учесниците на семинарот зошто се важни односите со инвеститорите за една компанија, како во пракса истите се менаџираат и што од аспект на инвеститорите значат добрите односи со инвеститори. Семинарот првенствено беше наменет за котираните акционерски друштва кои, согласно последните измени на Правилата за котација, имаат обврска за назначување на лице за односи со инвеститори, како и за сите останати друштва кои на односите со инвеститорите гледаат како на важен сегмент од своето работење.

- На покана на фондацијата "Конрад Аденауер" претставник на берзата зеде учество како предавач на семинарите: "Социјалната пазарна економија и светската економска криза" и "Пазарни економии во криза – кон закрепнување?" за време на кои се презентираше потеклото на кризата и нејзиното влијание врз македонската економија и врз пазарот на капитал во Република Македонија.

- Во рамките на соработката со Програмата Партнери за финансиска стабилност, Берзата упати покана до котираните друштва и членките на Берзата да испратат свој учесник на меѓународниот семинар "Supply Chain Management and its Impact on Social Responsible Investment" што се одржа во Букурешт, а чија цел е да се подигне нивото на свесност и да се промовира имплементацијата на меѓународните стандарди и примената на најдобрата пракса при инвестирањето во доменот на социјалната одговорност.

- Во текот на 2009 година претставници на Берзата учествуваа на повеќе семинари, предавања и работилници, со цел унапредување на нивните вештини и знаења во делот на основите на инвеститорските односи; контролата на пазарот на капитал; во однос на управување со ризици и развојот на корпоративното управување во Македонија.

- Согласно Законот за безбедност и заштита при работа вработените во Македонска берза АД Скопје посетуваа обука за безбедност и заштита при работа, како и обука за заштита при пожар и евакуација.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во делот на промоцијата во 2009 година беа остварени следните активности:

### *10.1. Годишна конференција на Македонска берза*

Од 23-25 април 2009 година во Охрид се одржа јубилејната 10-та Годишна конференција на Македонската берза. На конференцијата присуствуваа околу 170 учесници претставници од финансиската индустрија и индустријата на хартии од вредност во Република Македонија (банки, брокерски куќи, инвестициони фондови, КХВ и др.), котирани компании и други акционерски друштва, државни институции, како и претставници на медиумите. И покрај условите на криза во кои се организираше и реализираше 10-та Годишна конференција, Македонската берза, благодарение на поддршката на спонзорите (Проект на УСАИД за деловно опкружување, Комерцијална банка АД Скопје, Deloitte, Interway и Pexim solutions) го задржа квалитетот на конференцијата.

За време на двата конференциски дена се дебатираше за актуелните состојби на македонскиот пазар на капитал и импликациите на светската економска криза, а се презентираа и стратегии за понатамошен развој на домашниот и на регионалните пазари на капитал. Се одржаа презентации за предностите и можностите од емитување на корпоративни обврзници, како и за искуствата на компанија од Хрватска која реализирала Иницијална јавна понуда.

Во рамките на конференцијата по втор пат беа доделени наградата „Кристално ѕвоно" за најтранспарентно котирано друштво и наградата за најдобар истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. За најтранспарентно котирано друштво во 2008 година беше прогласен Алкалоид АД Скопје, а наградата за најдобар истражувачки труд му припадна на М-р Марјан Ивановски за трудот Линеарни фундаментални модели за проектирање на DJIA (Dow Jones Industrial Average) Index.

Во текот на месец мај Македонската берза изработи посебен Прилог посветен на 10-та Годишна конференција со кој се даде посебен осврт на дискусиите и полемиките на повеќе од 20 истакнати панелисти од земјава и од странство и истиот беше објавен на веб страницата на Берзата.

### *10.2. Презентација на резултати од истражување*

Во текот на месец мај се одржа презентација на резултатите од второто истражување на веб страниците на водечките котирани друштва на Македонската

берза. Истражувањето е проект на Македонската берза во соработка со Програмата Партнери за финансиска стабилност (Partners for Financial Stability Program – PFS Program). Целта на истражувањето е да се утврди дали компаниите преку своите веб страници обезбедуваат соодветни и корисни информации за потенцијалните инвеститори, како и дали компаниите соодветно информираат за преземените активности од областа на корпоративното управување и општествената одговорност. За време на настанот беа презентирани и резултатите од компаративните истражувања на веб страниците на 10-те водечки акционерски друштва во Македонија, Бугарија, Хрватска и Романија.

Во текот на месец јуни Берзата испрати писма до сите друштва опфатени со истражувањето во кои се презентираа поединечните резултати од истражувањето и се додоа препораки за подобрување на постоечките или воведување на нови содржини на нивните веб страници. Оваа активност наиде на позитивен одзив и резултираше со одредени измени и збогатување на содржините на веб страниците кај неколку котирани друштва.

## *10.3. Соработка со медиуми*

Македонската берза во текот на 2009 година ја продолжи воспоставената соработка со медиумите кои сеопфатно и аналитички ги презентираа перформансите од оствареното тргување на Македонската берза. Претставници од Берзата гостуваа во емисии во кои беа опфатени актуелни теми од областа на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. На крајот на годината главниот извршен директор на Берзата имаше средба со претставници на повеќе медиуми на која се даде краток осврт на постигнатите резултати и состојбите на Берзата во 2009 година. Воедно, од страна на управата на берзата во повеќе наврати беа давани изјави на медиумите за теми и состојби кои беа актуелни за јавноста.

## *10.4. Зачленување во Словенечко Македонскиот Бизнис Клуб*

Во јуни 2009 година Македонската берза стана членка на Словенечко Македонскиот Бизнис Клуб. Клубот е оформен во декември 2004 година со цел унапредување на стопанските активности, како и поддршка на инвестициите и економската соработка помеѓу субјектите од Словенија и Македонија. Во клубот членуваат повеќе од 80 реномирани слевенечки и македонски компании.

## *10.5. Промоција на продукти на Берзата*

Во текот на годината Берзата оствари низа активностите околу продолжување на постоечките и склучување на нови договори за продажба на продуктите на Берзата на вендори во земјата и во странство; беше направен акционен план за комецијалнизација на веб страницата на Берзата; се работеше на планот во текот на 2010 година да се реактивира веб страницата “МБ Монитор” која во својата нова верзија ќе биде наменета пред сé за медиумите и ќе биде конципирана на комерцијална основа. Во текот на месец декември 2009 година Берзата

организираше неколку презентации наменети за претставници на инвестициските и пензиските фондови, брокерските куќи и членки на Берзата, банките, ревизорските и консултантските куќи за време на кои се презентираше новиот продукт на Берзата БЕСТНЕТ АНАЛИТИКА.

### *10.6. Промоција на проектот "Студентска берза"*

Пред почетокот на новиот петти цикус на проектот "Студентска берза" беа преземени низа активности за негова промоција: изработка и поставување на промотивни плакати кои беа поставени во голем број акредитирани факултети во Македонија; поставување на банер со логото на проектот на веб страниците на повеќе универзитети и рекламирање на проектот преку "Метрополис радио".

### *10.7. Други активности*

- Во рамките на 7-от меѓународен саем FINEXPO беше организирана тркалезна маса на тема "Актуелни состојби во финансискиот сектор" на која зедоа учество Министерот за финансии, гувернерот на Народна банка, претседателот на Стопанската комора, како и директори на комерцијални банки и осигурителни компании. На настанот учествуваше и Главниот извршен директор на Берзата.

- Со цел инвеститорите и медиумите да имаат централизиран преглед на вредностите на уделите на инвестициските фондови и лесен пристап до истите, Берзата на својата официјална веб страница, покрај табеларниот приказ на вредностите на уделите на фондовите, постави и тикер со нивните последни вредности.

- Во текот на целата година берзата редовно објавуваше дневни и периодични извештаи од тргувањето. Подетални информации за тргувањето јавноста добиваше и преку статистичките билтени кои берзата ги објавуваше на месечно, полугодишно и годишно ниво.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2009 година активностите на Македонската берза на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

### *11.1. Активности поврзани со Меморандумот за партнерство*

Во рамките на соработката со берзите од поранешна Југославија, базирана на Меморандум за партнерство потпишан во 2007 година, во 2009 година се одржаа две инвеститорски конференции. И покрај изменетите услови на пазарите на капитал воопшто, активностите за промоција на најликвидните котирани компании продолжија, со цел одржување и зголемување на визибилноста на

националните берзи и привлекување на нови странски институционални портфолио инвеститори. Оттука, на 21.05. 2009 година во Белград се одржа втората регионална инвеститорска конференција „SEE Regional Capital Markets Conference", додека втората меѓународна инвеститорска конференција се одржа на 05.11.2009 година во Виена. Повеќе од 20 водечки компании во земјите потписнички на Меморандумот се претставија пред бројни институционални инвеститори од регионот и пошироко, а беа реализирани и голем број на поединечни состаноци. Двата настани беа организирани во соработка со Raiffiesen Centrobank од Виена. На конференциите се претставија следните компании котирани на Македонската берза: Алкалоид АД Скопје, Гранит АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Топлификација АД Скопје.

Имајќи го предвид успехот на одржаните инвеститорски конференции во 2008 и 2009 година во декември 2009 година берзите потписнички на Меморандумот за партнерство (Македонската, Љубљанската, Загребската, Белградската Сараевската, Бањалучката и двете берзи од Црна Гора) потпишаа Анекс кон Меморандумот со кој се продолжува времетраењето на овој облик на соработка за уште една година, односно до 31.12.2010 година. Во текот на 2010 година се планира да се одржи нова, трета по ред, меѓународна инвеститорска конференција.

## *11.2. Учество на меѓународни конференции и бизнис форуми*

На покана на берзите од регинот претставници на Македонската берза во текот на 2009 година беа присутни на неколку конференции (Словенија, Хрватска, Грција) на кои предмет на анализа беа моменталните состојби на регионалните и светските пазари на капитал. Овие настани се користеа и за активна промоција на македонскиот пазар пред финансиски посредници – учесници на овие конференции.

Во организација и покровителство на USAID претставници на Работната група за измени на Законот за хартии од вредност, меѓу кои и претставник на Берзата, реализираа посета на Хрватска за време на која беа остварени состаноци со релевантни институции на хрватскиот пазар на капитал.

Во организација и обезбедено финансирање од Меѓународната Финансиска Корпорација (ИФЦ) во Тбилиси, Грузија, во текот на месец ноември се одржа меѓународна средба на претставници на берзите од Евроазискиот регион, со цел да се разменат искуствата во процесот на усвојување на кодексот на корпоративно управување. Претставник на Берзата ги презентираше искуствата на Македонската берза, но и пошироките балкански искуства на овој план.

## *11.3. Други активности*

Dow Jones Indexes, изработувач на индекси и Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS) на 05.06.2009 година лансира три DowJones FEAS индекси. Ова е прв пат Dow Jones да креира индекси кои ке ги мерат перформансите на компаниите од Евроазискиот регион. Повеќе котирани компании на Македонската берза се вклучија во овие индекси по основ на членството на нашата берза во оваа

Федерација и тоа во: Dow Jones FEAS Composite индексот и Dow Jones FEAS South East Europe (Југоисточна Европа) индексот.

Во последниот квартал од 2009 година се остварени контакти со канцеларијата на Европската банка за обнова и развој во Скопје и е започнато со активност за обезбедување на техничка помош во текот на 2010 година. Целта на овој проект е креирање на берзански тренинг центар (берзанска академија) кој преку подигање на нивото на едукација на учесниците на пазарот на капитал во Република Македонија ќе придонесе за негов понатамошен развој.

## 12. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во 2009 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупен приход** во износ од **36.121.593 денари** и истиот е за 63% понизок во однос на остварениот во 2008 година. Ова намалување на приходот се должи пред сé на намалувањето на приходите од надоместот за тргување, што е резултат како на значајно намалениот обем на тргување со хартии од вредност во 2009 година во споредба со 2008 година, така и на драстично намалените трговски провизии.

Приходите остварени од камата изнесуваат 4.664.993 денари и претставуваат 12,9% од вкупните приходи. Од овој износ по основ на камата на орочени депозити кај банки и камата на депозити по видување се приходувани 3.840.182 денари, а по основ на вложени средства во државни записи на годишно ниво е остварен приход во износ од 824.810 денари. Намалувањето на овие приходи од 54% во однос на претходната година се должи на намалување на износот на пласираните средства како резултат на одливот на парични средства заради исплата на дивидендата за 2008 година.

Приходите по основ на провизии и надоместоци изнесуваат 25.674.300 денари и се за 68% пониски во однос на истите во 2008 година. Намалувањето на овие приходи во најголема мера се должи на намалувањето на приходите од тргување за 76%.

Надоместоците за членство се состојат од членарини, надоместоци за користење на Бест системот, надоместоци за користење на Берзанет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Кај овие приходи се бележи зголемување од 18% во споредба со истите лани, поради тоа што такви надоместоци не беа наплаќани од страна на Берзата во првите три квартала од 2008 година.

Најголемиот дел од приходите на Берзата во 2009 година во износ од 17.279.938 денари или 47,8% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување. Од друга страна, овие приходи се за 76% пониски во однос на остварените во 2008 година што е основната причина за остварената минимална добивка на Берзата во 2009 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување по основ на склучените трансакции во БЕСТ системот е забележано многу големо намалување намалување од 89,4% (од 49.811.344 денари во 2008 година на 5.296.851 денари во 2009 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 59,6% и изнесува 5.865.894 денари, а приходот од тргувањето при јавни берзански трансакции бележи

намалување од 82,9% (но, не е толку значаен во апсолутен износ и изнесува 92.334 денари). Најмало е намалувањето кај приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците и истите бележат намалување од 11%.

Остварени се приходи по основ на надомест за котација во износ од 1.800.000 денари или 5% од вкупните приходи. Овие приходи се за 53% помали во споредба со 2008 година, поради тоа што, согласно регулаторните ограничувања годишниот надоместо за котирање за друштво во 2009 година изнесуваше 50.000 денари за разлика од 2008 година кога истиот изнесуваше 100.000 денари.

Во 2009 година Берзата оствари останати приходи од дејност во износ од 5.782.300 денари, што се за 27% пониски во споредба со истите во 2008 година. Ова се приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, наплатени сомнителни и спорни побарувања, користење на веб страницата на Берзата, приходи од дистрибуција на берзански податоци, приходи од котизација на посетители на годишна конференција, донација и друго. Најголемо учество во останатите приходи имаат приходите од дистрибуција на берзански информации во износ од 1.975.971 денари (истите во 2008 година изнесуваа 3.250.200 денари, при што и тие се намалија како резултат на споменатите регулаторни ограничувања); приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.672.212 денари и наплатените сомнителни и спорни побарувања во износ од 880.397 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2009 година изнесуваат **35.934.532 денари** и истите се номинално за 37% пониски од остварените во 2008 година кога истите изнесувале 56.982.537 денари. Подеталната анализа на ова намалување покажува дека надоместокот за реализирани берзански трансакции кој Берзата го плаќа како регулаторски трошок кон Комисијата за хартии од вредност е намален за 67% (што се должи на намалените приходи на Берзата од наплатен надомест за склучени берзански трансакции) и дека, доколку расходите на Берзата во 2009 година се прилагодат за износот на регулаторскиот трошок, истите изнесуваат 31.233.747 денари наспроти соодветно прилагодените расходи од 42.842.719 денари во 2008 година, што претставува осетно реално намалување од околу 27%. Ова намалување е резултат на максимално прудентната политика на контролирање на расходите која што Берзата ја водеше во текот на целата 2009 година, што подразбираше стриктно водење сметка за планските трошковни таргети (кои и онака беа значајно намалени), нереализирање на определени неприоритетни расходи и извршеното намалување на нивото на плати на вработените и извршните директори, односно надоместокот за неизвршните директори (во последниот квартал од годината).

Во 2009 година за провизии и надоместоци направени се расходи во износ од 4.829.707 денари, што претставува 13,4% од вкупните трошоци. Во овие трошоци, со 97,3% учествува надоместот од реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од вредност, во износ од 4.700.785 денари. Останатите трошоци се однесуваат на банкарски провизии.

Нето загубата од курсни разлики во 2009 година изнесува 120.787 денари.

Трошоци за вработени во 2009 година изнесуваат 14.825.512 денари. Во тие рамки трошоците за бруто плати на вработените се реализирани во износ од 14.728.312 денари и изнесуваат 40,9% од вкупните расходи. Кај бруто платите во 2009 година во однос на

планот има остварување од 90%. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно 4.871.313 денари, односно 3.237.450 денари и 1.633.863 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

За останати користи за вработените се остварени трошоци во износ од 97.200 денари денари што претставува 19% од планираните трошоци за оваа намена за 2009 година. Ова се трошоци направени за стручно усовршување на вработените.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 5.733.396 денари, што претставува 15,9% од вкупните расходи и е за 4% повисока во споредба со 2008 година, а се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опрема. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно Уредба со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

Исправката на вредност на побарувањата изнесува 6.610 денари и се однесува на побарувања за кои е оценето дека не можат да се наплатат.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 10.418.521 денари и се за 43% пониски од истите во 2008 година. Учествуваат со 81% во остварувањето на планот. Во вкупните расходи учествуваат со 29%.

Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.645.464 денари или 4,58% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично) и истите се за 13% пониски од планираните за 2009 година.

Трошоците за услуги изнесуваат 5.757.955 денари и истите учествуваат со 16% во вкупните расходи и се за 13% помали во однос на 2008 година. Од нив 552.154 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на 10-тата годишна конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата и спонзорства). Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.133.344 денари, телефонските услуги и услуги за интернет во износ од 1.681.265 денари и услугите за правни и финансиски консултанти во тендерската постапка во износ од 1.253.858 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување и слично.

Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 1.334.000 денари и тие изнесуваат 3,7% од вкупните расходи. И покрај намалувањето на надоместот за неизвршните членови на Одборот во последниот квартал од 2009 година, кај овие трошоци имаме зголемување од 6% споредено со истите во 2008 година. Зголемувањето се должи на тоа што почнувајќи од мај 2008 година Одборот функционира во полн состав од седум неизвршни члена, а во првите четири месеци од 2008 година Одборот функционирал со шест неизвршни члена.

За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 199.462 денари. Кај овие трошоци има намалување од 77% во однос на истите лани, а воедно се и за 77% пониски во однос на планираните за 2009 година.

Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 368.024 денари и претставуваат 1,03% од вкупните расходи, односно се за 63% помали од планираните.

Трошоци за осигурување се направени во висина од 466.057 денари. Се однесуваат на осигурување на имот, осигурување на менаџери и осигурување на вработени и се во рамките на планираните за 2009 година.

Трошоци за истражување и развој се остварени во висина од 272.709 денари. Ова се трошоци направени согласно Меморандумот за партнерство потпишан од страна на берзите од Југоисточна Европа, со цел промоција на регионалниот пазар на капитал пред меѓународните институционални инвеститори.

За Други трошоци, направени се трошоци во износ од 374.850 денари. Овие расходи се направени за членарини: во Федерација на Евроазиски берзи (FEAS), членарина за Федерацијата на Европски берзи (FESE), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2009 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **187.061 денари**.

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од 62.627 денари, а остварената **добивка по оданочување со данок во непризнаените расходи** за 2009 година изнесува 124.434 денари.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2009 година изнесува **165.468.745 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени до три месеци) учествуваат со 28,4% што придонесува за финансиска стабилност на берзата. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (91.276.656 денари) изнесува 55,2% од вкупната актива, а побарувањата изнесуваат 27.127801 денари или 16,4% од вкупната актива. Најголем дел од побарувањата отпаѓа на побарување за повеќе платен данок за добивка (24.882.911 денари) и побарувања од купувачи во износ од 2.244.890 денари (во најголем дел од надоместоци за членство за месец декември 2009 година).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2009 година изнесува **165.468.745 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2009 година изнесуваат 9.852.365 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.599.902 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 8.252.463 денари. Најголемо учество во приходите во идните периоди има донацијата во софтверот за тргување од Љубљанска берза како резултат на извршеното преземање на изворниот код на БЕСТ системот во 2009 година. Капиталот и

резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2009 година изнесуваат 155.616.380 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 38.448.471 денари, задржаната добивка 13.545.715 денари, а добивка за финансиската година 124.434 денари.

**Скопје, Февруари 2009 година**

**Одбор на директори**

**П р е т с е д а т е л**

**Кристијан Поленак**

# П Р И Л О Г

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## на ден 31.12. 2009 година

### АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2008 | 2009 | Индекс 2009/2008 |
|---|---|---|---|
| **1,Парични средства и парични еквиваленти** | **191,481** | **1,668,229** | **871** |
| **2.Кредити на и побарувања од банки** | **99,285,344** | **45,262,048** | **46** |
| Депозити | 99,000,000 | 45,000,000 | **45** |
| Побарувања од банки | 285,344 | 262,048 | **92** |
| **3.Должнички хартии од вредност** | **19,846,172** | **0** | **0** |
| Државни хартии од вредност | 20,000,000 | 0 | **0** |
| Исправка на вредност | -153,828 | 0 | **0** |
| **4.Нематеријални средства** | **1,099,561** | **9,816,795** | **893** |
| **5.Материјални средства** | **86,367,605** | **81,459,861** | **94** |
| **6.Останати средства/побарувања** | **25,219,486** | **27,127,801** | **108** |
| Побарувања за данок на добивка | 20,132,750 | 24,882,911 | **124** |
| Останати побарувања | 5,086,736 | 2,244,890 | **44** |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **154,503** | **134,012** | **87** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **232,164,152** | **165,468,745** | **71** |

### ПАСИВА

| Назив | 2008 | 2009 | Индекс 2009/2008 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **6,872,206** | **9,852,365** | **143** |
| Останати обврски | 6,081,020 | 1,599,902 | **26** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 791,186 | 8,252,463 | **1,043** |
| **2.Капитал и резерви** | **225,291,946** | **155,616,380** | **69** |
| Запишан капитал | 103,497,760 | 103,497,760 | **100** |
| Резерви | 28,448,471 | 38,448,471 | **135** |
| Добивка за финансиска година | 37,080,515 | 124,434 | **0** |
| Задржана добивка | 56,265,200 | 13,545,715 | **24** |
| **ПАСИВА** | **232,164,152** | **165,468,745** | **71** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ ОД 01.01.2009 ДО 31.12.2009 ГОДИНА**

**во денари**

| **Расходи** | **01-12.2008** | **01-12.2009** | **Индекс 2009/2008** | **План 2009** | **Оств.на план во %** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи за провизии и надоместоци** | **14,359,983** | **4,829,707** | **34** | **7,390,000** | **65** |
| Провизии од банки | 220,165 | 128,922 | **59** | 210,000 | **61** |
| Берзанска провизија за КХВ | 14,139,818 | 4,700,785 | **33** | 7,180,000 | **65** |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | **2,006** | **120,787** | **6,021** | **0** | **0** |
| **3.Трошоци за вработени** | **18,618,126** | **14,825,512** | **80** | **16,800,000** | **88** |
| Вкалкулирани бруто плати | 15,422,443 | 14,728,312 | **95** | 16,300,000 | **90** |
| Останати користи за вработени | 3,195,683 | 97,200 | **3** | 500,000 | **19** |
| **4. Амортизација** | **5,524,602** | **5,733,396** | **104** | **5,700,000** | **101** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **300,000** | **6,610** | **2** | **300,000** | **2** |
| **6.Останати расходи од дејност** | **18,177,820** | **10,418,521** | **57** | **12,847,000** | **81** |
| Материјални и слични трошоци | 1,897,756 | 1,645,464 | **87** | 1,900,000 | **87** |
| Трошоци за услуги | 7,659,088 | 5,757,955 | **75** | 6,200,000 | **93** |
| Одбор на директори | 1,261,334 | 1,334,000 | **106** | 1,392,000 | **96** |
| Награда на Одбор на директори | 2,000,000 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Трошоци за службени патувања | 883,067 | 199,462 | **23** | 850,000 | **23** |
| Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 2,381,026 | 368,024 | **15** | 1,000,000 | **37** |
| Осигурување | 481,716 | 466,057 | **97** | 485,000 | **96** |
| Трошоци за истражување и развој | 1,062,079 | 272,709 | **26** | 600,000 | **45** |
| Други трошоци | 551,755 | 374,850 | **68** | 420,000 | **89** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **56,982,537** | **35,934,532** | **63** | **43,037,000** | **83** |
| **Приходи** | | | | | |
| **1.Приходи од камати** | **10,094,658** | **4,664,993** | **46** | **4,500,000** | **104** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **80,861,134** | **25,674,300** | **32** | **40,450,000** | **63** |
| Надомест за членство | 5,582,814 | 6,594,362 | **118** | 5,520,000 | **119** |
| Надомест од тргување | 71,478,320 | 17,279,938 | **24** | 33,180,000 | **52** |
| Приходи од котација | 3,800,000 | 1,800,000 | **47** | 1,750,000 | **103** |
| **3.Останати приходи од дејност** | **7,886,348** | **5,782,300** | **73** | **5,200,000** | **111** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **98,842,140** | **36,121,593** | **37** | **50,150,000** | **72** |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **41,859,603** | **187,061** | **0** | **7,113,000** | **3** |
| **ДАНОК ОД ДОБИВКА** | **4,779,088** | **62,627** | | | |
| **ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА** | **37,080,515** | **124,434** | | | |